**ЈА0** – Изградба на јавно осветлување...........................................................110.000,00 ден.

**ЈД0** – Изградба на реконструкција на локални патишта и улици...........22.600.000,00 ден.

**ЈГ0** – Изградба на сиситеми за водоснабдување......................................3.600.000,00 ден.

**ЈИО** – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води.....................................................................................................3.300.000,00 ден.

**ЈКО** – Јавна чистота (капитални расходи)..................................................700.000,00 ден.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

**ПРИХОДИ ..........................................................................................40.830.000,00 ден.**

**РАСХОДИ ..........................................................................................40.830.000,00 ден.**

Во финансирањето на реализацијата на задачите наведени во **глава 4** ќе учествуваат и субјектите што стопанисуваат со објектите од инфраструктурата, покрај учеството во делот за реконструкција на објектите од комунална инфраструктура, инвестиционото одржување на истите, и во идна изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок за уредување на градежно земјиште не е доволен за локалитетите каде не е изградена инфраструктурната мрежа. Притоа субјектите кои стопанисуваат со објектите од инфраструктурата добиваат нови корисници на нивните услуги.

Изградбата на сите видови на објекти ќе се врши на уредено градежно земјиште.

Под уредено градежно земјиште се смета земјиштето каде се решени имотно правните односи, кое е обезбедено со комунална инфраструктура (улици, водовод, улично осветление и електрична мрежа) во поширокиот реон околу локацијата. Во потесната локација инвеститорите сами си го уредуваат градежното земјиште и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

Објекти можат да се градат и на земјиште кое не е уредено со објекти од комунална инфраструктура. Во тој случај инвеститорот не го плаќа целиот надоместок за уредување, а може сам да го уреди градежното земјиште на свој трошок, во договор со субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши инвеститорот.

**Уредувањето на градежното земјиште на територијата на општина Пласница се врши врз основа на Програмата што ја донесува Советот на општина Пласница во согласност со урбанистичките планови за населените места.**

Уредувањето на градежното земјиште се финансира од средствата реализирани од надоместокот за уредување, од надоместоткот за употреба на градежното земјиште (земјишна такса), од средствата на комуналните претпријатија, од средствата од самопридонес, од средствата акумулирани од поранешните вложувања и од други средства наведени во делот ПРИХОДИ.

Средствата од претходниот став се употребуваат согласно со Програмата.

Средствата што се остваруваат од надоместокот за доделување на градежното земјиште, надоместокот за уредување, надоместокот за употреба на градежното земјиште (земјишната такса) и од легализација на бесправно изградени бјекти, се уплатуваат на сметка на Буџетот на Општина Пласница и се употребуваат само за таа намена согласно Програмата.

## 6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА

Појдовна големина за пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со Програмата за уредување на градежното земјиште.

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се врши по $м^2$ нето корисна површина според важечките технички нормативи согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на на уреденост (“Сл.весник на РМ“ бр.193/16).

**Не се плаќа надомест за уредување на градежно земјиште за објекти ослободени со Одлука на Советот на општина Пласница.**

**Не се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште за објекти кои претрпеле штети од елементарни непогоди (пожари, поплави, снегови, земјотреси) до висина на нето површината на оштетениот објект, објекти на Месните самоуправи, објекти на Локалната самоуправа, верски објекти и објекти кои ќе се градат со средства од надоместокот за уредување на градежното земјиште.**

Јавните претпријатија кои вршат комунални дејности на подрачјето на општина Пласница, плаќаат за уредувањето на градежното земјиште **во висина од 30%** од вредноста на објектите од комуналната инфраструктура што ја градат и се од нивна надлежност.

По иницијатива на жителите на населените места, а во услови кога истите се заинтересирани со месен самопридонес да учествуваат во уредувањето на комуналната инфраструктура, населението ќе учествува со **50%** од вредноста на комуналните објекти и инсталации.

Плаќањето се врши на сметка на Буџет на општината и средствата се користат за уредување на градежното земјиште.

Меѓусебните права и обврски за уредувањето на градежното земјиште врз основа на документ за сопственост, Основен проект заверен од општина Пласница и

одобрение за градење, се уредуваат со Договор склучен помеѓу инвеститорот и Градоначалникот на општината.

**Договорот за уредување на градежното земјиште го потпишува Градоначалникот на општината.**

Ако инвеститорот не сака да склучи Договор, а користи макар и делумно уредено земјиште, плаќањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште се врши по сила на Закон и оваа Програма по судски пат.

Доколку при изградбата инвеститорите отстапуваат од техничката документација, а се здобиле со нова станбена или деловна површина, должни се да платат соодветна разлика. Истата се уредува со Анекс Договор за уредување на градежното земјиште за новоизградената површина, според утврдениот надоместок во моментот на плаќањето, а по претходно добиена уредна техничка документација од страна на надлежниот орган.

Доколку вкупниот пресметан просечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа според реално направените трошоци, по посебен трошковник, за уредување на локацијата и на соодветниот дел од пошироката локација што ќе се регулира со Анекс кон Договорот за уредување на градежното земјиште.

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за уредување на градежното земјиште и изготвен Извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер заградби од втора категорија, односно Изјава од изведувачот заверена на нотар за градби за индивидуално домување до 300м $^2$ бруто развиена површина, инвеститорот не може да добие дозвола за приклучоци од комуналната инфраструктура.

## 6.1. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на истото, согласно оваа Програма, се пресметува врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, а претставува збир на нето површините по м$^2$ на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот Основен проект и анекс на основниот проект, помножен со коефициентите дадени во правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште.

Степенот на уреденост на градежно земјиште и висината на трошоците се дадени во следната табела и тоа:

**Во однос на зоната**, утврдени се следниве цени по м$^2$ корисна површина:

| **Една зона (основен, повисок, понизок) степен** | **Станбен (ЕУР/м$^2$)** | **деловни, јавни, производни и др. објекти (ЕУР/м$^2$)** | **други објектите од група на класи на намени (Г, Б5 и А4) (*) (ЕУР/м$^2$)** |
|---|---|---|---|
| - Урбанистички | 5 | 9 | **50** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| план с.Пласница | | | |
| - Урбанистички план с.Преглово | 5 | 9 | **50** |
| - Урбанистички план с.Лисичани | 5 | 9 | **50** |

(*) - Во група на класа на намена **Г**: сите објекти за производство, дистрибуција и сервиси (Г1, Г2, Г3 и Г4)

- Во група на класа на намена **Б5:** угостителски и туристички капацитети и хотелски комплекси

- Во група на класа на намена **А4:** хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом;

**<u>Во однос на намената</u>**, Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно член 2 (од правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, Сл. Весник на РМ бр.193/16), се пресметува по метар квадратен (м$^2$) на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена основен проектна документација, според единица површина на објектот помножена со следните коефициенти:

***1. Станбени објекти***

| **Реден број** | **Вид на објектот** | **Коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | Станбени простории | 1,0 |
| 2 | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор | 0,2 |
| 3 | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 |
| 4 | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| 5 | Балкони, тераси | 0,2 |
| 6 | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| 7 | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| 8 | Трафостаница од 35 KW во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| 9 | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| 10 | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| | | |

*2. Деловни и јавни објекти*

| Реден Број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Простории | 1,0 |
| 2 | Магацини | 0,5 |
| 3 | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 |
| 4 | Трафостаница до 35 KW во објект и надвор од објект | 0,4 |
| 5 | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| 6 | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| 7 | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| 8 | Подлоѓија затворена од две страни | 0,4 |
| 9 | Балкони, тераси | 0,3 |
| 10 | Отворен наткриен простор | 0,3 |

*3. Други објекти*

| Реден Број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Катна гаража | 0,05 |
| 2 | Спортски покриени објекти | 0,5 |
| 3 | Спортски откриени објекти | 0,3 |
| 4 | Гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 |
| 5 | Отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата | 1,0 |
| 6 | Базени | 0,2 |
| 7 | Трафостаници над 35 KW | 1,0 |

*4. За објекти од група на класи на намени Г – производство, дистрибуција и сервиси*

| Реден Б | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|

| ...рој | | |
|---|---|---|
| 1 | Г1 тешка и загадувачка индустрија | 0,05 |
| 2 | Г2 лесна и незагадувачка индустрија | 0,05 |
| 3 | Г3 сервиси | 0,05 |
| 4 | Г4 стоваришта | 0,05 |

*5. За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)*

| **Реден Број** | **Вид на објектот** | **Коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | Продажни простории на бензинските пумпни станици | 1,0 |
| 2 | Услужни простории на бензинските пумпни станици | 1,0 |

*6. За објекти од група на класи на намени Б5 – угостителски и туристички комплекси, хотелси комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намени А4 – хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом*

| **Реден Број** | **Вид на објектот** | **Коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | Сите простории | 0,05 |

*7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:*

| **Реден Број** | **Вид на објектот** | **Коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | Сите простории | 0,05 |

*8. За објекти за високо образование:*

| **Реден Број** | **Вид на објектот** | **Коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | Сите простории | 0,5 |

*9. За објекти за култура:*

| Реден Број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Сите простории | 0,01 |

*10. За објекти за терцијална здравствена заштита:*

| Реден Број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Сите простории | 0,05 |

- Во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините за:
  - инсталационите канали,
  - окната за лифтови,
  - окна на врати,
  - отворени паркиралишта,
  - подземни резервоари и
  - објекти заштитени како културно наследство;
- За објектите со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се прсметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставот за станбени објекти и ставот за деловни и јавни објекти. Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% вкупно пресметана површина согласно ставот за станбени објекти и ставот за деловни и јавни објекти и за други објекти од ставот за станбени објекти без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објекти со височина над 32 ката;
- За агро берзи, отупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина за сите станбени, деловни и јавни објекти;
- За објекти од група на класа на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредувањето на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија, помножено со коефицентите утврдени во ставот за станбени објекти - подлогија затворена од две страни (0,3);
- За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KW како и

за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината Пласница, согласно член 67-а став 1 од Законот за градење, а инвеститор е општина Пласница, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежното земјиште.

- Реконструкција на сите видови на објекти ќе се пресметува во висина од 30% од цената на соодветната зона;
- За доградба и надградба на постојните објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува **100%** од утврдениот износ по 1м$^2$ корисна површина.
- Доколку со изградбата на објектите е предвидено отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кој се наоѓаат на иста градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

Во горенаведените случаи од последната точка, површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визби, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечки објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот кој е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

**Износите ќе се плаќаат во денарска противвредност на денот на наплатата, по средниот курс на НБРМ.**

## 6.2. СТИМУЛАТИВНА РЕГУЛАТИВА ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Инвеститорите кои ќе градат објекти, во зависност од бројот на лицата кои ќе ги вработат, при издавањето на одобрение за градење ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за објекти и инсталации од индивидуално користење и тоа:

**За вработени од 5-20 вработувања...........25%**
**За вработени од 21-50 вработувања..........50%**
**За вработени од 51-100 вработувања........75%**
**За вработени над 100 вработувања..........100%**

Инвеститорите, за да бидат ослободени од надоместокот за уредување на градежно земјиште треба да приложат:

Програма за инвестициони вложувања со број на вработени за објектот за кој ќе бидат ослободени;

Изјава заверена на Нотар дека во рок од 1 (еден) месец од денот на издавањето на Извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер за предметниот објект ќе извршат вработување на онолку лица за колку се ослободени од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште;

Инвеститорите се должни бројот на вработените за кои ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок да не го намалуваат во текот на 5 (пет) години од денот на вработување на истите;

Доколку инвеститорот во рок од 1 (еден) месец од денот на издавањето на Извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер за предметниот објект не го изврши вработувањето на одредениот број лица, или ќе го намали бројот на вработените во текот на 5 (пет) години, надоместокот од ослободените трошоци за уредување на градежно земјиште ќе биде наплатено по судски пат со камата согласно законските прописи.

## 6.3. РАСПОРЕД НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Во зависност од опременоста и опремувањето на градежното земјиште процентуалното учество на инфраструктурните објекти и инсталации во уредувањето на градежното земјиште ориентационо изнесува:

1. Објекти и инсталации од заедничко користење 30%
2. Објекти и инсталации од индивидуално користење 70%, од кои за:
    - фекална канализација 22%,
    - атмосферска канализација 28%,
    - водовод 6%,
    - улично осветлување 10%,
    - коловоз асфалт 25%,
    - тротоари 9%.

Конкретното распоредување на надоместокот за уредување ќе се определува посебно за секоја локација или комплекс на објекти, а посебно во зависност од тоа какви комунални објекти се изградени или истите се градат.

Овој распоред на надоместокот за уредување на градежното земјиште се однесува и за надоместокот што е платен од претходните години.

Сопственикот на градежното земјиште мора да обезбеди **Согласност** за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие. Доколку за постојните комунални инсталации инвеститорот не добие писмена потврда за исправноста на истата од соодветното комунално претпријатие, општината ќе склучи Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за индивидуално инвестирање на инсталациите.

## 6.4. НАДОМЕСТОК, ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ

Инвеститорите на комунални објекти и инсталации: улици, канализација, водовод, електромрежа, ПТТ мрежа, кабловска мрежа, како и други видови објекти и инсталации ќе плаќаат надоместок во висина на вредноста на градежните работи и тоа за вредност:

- до 100.000,00 ден. ____________________**1%**

- од 100.000,оо до 500.000,оо ден. ___**0,6%** но не помалку од **1.000,оо ден.**
- од 500.000,оо до1.000.000,оо ден. __**0,5%** но не помалку од **3.000,оо ден.**
- од 1.000.000,оо до 5.000.00,оо ден. _**0,3%** но не помалку од **5.000,оо ден.**
- над 5.000.000,оо ден. ____________ **0,2%**

Висината на надоместокот на градежните работи да се определува со превземање на цените од тендерска документација.

Доколку Локалната Самоуправа нема утврдени цени за определена градежна работа, истата ќе се определи според просечната цена од три субјекти во тековниот период.

Инвеститорите на градежни и градежно занатски работи на објектите, тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации и слични работи, на кои не се засметува надоместок за уредување на градежното земјиште, ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вредноста на градежните и градежно занатските работи, но не помалку од 1.000,оо денари.

Уплаќањето на средствата се врши пред издавање на Одобрението за градење!

## 6.5. ОПШТИ УСЛОВИ ВО УРЕДУВАЊЕТО

- При изградба на нови објекти, за кои претходно треба да се порушат стари објекти, од површината која е предмет на наплата на трошоци за уредување на градежното земјиште, се одбива површината на постојниот објект, при што минималното учество во надоместокот за уредување не може да биде помало од 50% од износот утврден со Програмата.

- Во случај кога новиот објект зафаќа површина помала од 50% од стариот објект се одбива 50% од квадратурата што ја зафаќа новиот објект, а остатокот по порушување на стариот објект.

- Ако новиот објект не зафаќа површина од стариот објект кој се наоѓа во состав на истата градежна парцела, а стариот објект е предвиден за порушување, пресметката на надоместокот за уредување на градежното земјиште за новиот објект се пресметува 100%, а враќањето на дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште по овој основ се врши после порушување на стариот објект.

- Согласно чл. 46 од Правилникот за стандарди и нормативи на урбанистичкото планирање (Сл.вес. на РМ бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, б37/14, 125/14 и 148/14) и Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл.вес. бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 193/16), максималната височина на слеме е до 4.50м над завршниот венец на градбата, а со урбанистички план може да се одреди помала или поголема височина во зависност од ендемскиот архитектонски израз или за специјални градби. Во рамките на дозволената висина на слемето се уредува потпокривен корисен простор во кој може да се користи само една спратна височина, и овие простории се пресметуваат со коефициент 0,2 а за површината на просторот во поткровје каде корисната висина е поголема од 2,5м, се пресметува со коефициент 1,0. Косината и обликувањето на

кровот мора да биде согласно чл.47 и чл. 48 од Правилникот за стандарди и нормативи на урбанистичкото планирање.

**Градбите и деловите од градби изградени без одобрение за градење се бесправни градби.**

Деловите од градбата изградени спротивно на заверениот проект и одобрението за градење се основ за ништовност на одобрението за градење.

## 7. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува Договор за надоместок за уредување на градежно земјиште во писмена форма директно меѓу инвеститорот од една страна и општина Пласница од друга страна, врз основа на заверена техничка документација и доставени согласности, со кој се регулираат правата и обврските на договорните страни со утврдени рокови за извршување на истите. Договорот за уредување на градежното земјиште го потпишува Градоначалникот на општината.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено планска документација и не е целосно изградена секундарната инфраструктура а сопственикот на земјиштето инсистира сам со свои средства да ја гради истата согласно заверена техничка документација за градење, должен е да овозможи на идните сопственици на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи кои имаат обврска да му платат надомест на локалната самоуправа. Инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам треба да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и истата да ја предаде на Локалната самоуправа без надомест.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел или ги изведува самоиницијативно без учество на општината, а пред склучување на писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитетите во кои по донедувањето на планска документација, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктурата, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците – делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуалната комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на Локалната самоуправа, да се овозможи приклучување на нови идни корисници на

земјиштето без надомест, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на Локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

**8.СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

Во 2025 ќе се врши изработка на урбанистичко - планска документација за која ќе се изработи посебна **Годишна програма** од страна на Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, која ќе биде утврдена од страна на Советот на општина Пласница, согласно законските прописи. Ќе се продолжи со постапките на плановите кои се отпочнати во претходните години.

**СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ;**

РЕКАПИТУЛАРЕН ПРЕГЛЕД
НА ПРИХОДИТЕ

- наменски средства од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.........................................................................4.300.000,00 ден.
- наменски средства од Јавно претпријатие за државни патишта.........................................................................................1.000.000,00 ден.
- надомест за уредување на градежно земјиште.................................1.000.000,00 ден.
- административни такси......................................................................100.000,00 ден.
- надомест за изработка на просторни и урбанистички планови...........100.000,00 ден.

**Вкупно ....................6.500.000,00 ден.**

РЕКАПИТУЛАРЕН ПРЕГЛЕД
НА РАСХОДИТЕ ПО ПОТПРОГРАМИ

**Ф10** – Урбанистичко планирање............................................................4.300.000,00 ден.

**ЈД0** – Изградба на реконструкција на локални патишта и улици................600.000,00 ден.

**ЈГ0** – Изградба на сиситеми за водоснабдување.........................................600.000,00 ден.

**ЈИО** – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води.............................................................................................1.000.000,00 ден.

**Вкупно ....................6.500.000,00 ден.**

Согласно член 46 од Правилникот за стандарди и нормативи на урбанистичкото планирање (Сл.вес. на РМ бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 637/14, 125/14 и 148/14) и Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл.вес. бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 193/16), максималната височина на слеме е до 4.50м над завршниот венец на градбата, а со урбанистички план може да се одреди помала или поголема височина во зависност од ендемскиот архитектонски израз или за специјални градби. Во рамките на дозволената висина на слемето се уредува потпокривен корисен простор во кој може да се користи само една спратна височина, и овие простории се пресметуваат со коефициент 0,2 а за површината на просторот во поткровје каде корисната висина е поголема од 2,5м, се пресметува со коефициент 1,0. Косината и обликувањето на кровот мора да биде согласно чл.47 и чл. 48 од Правилникот за стандарди и нормативи на урбанистичкото планирање.

Сите активности во областа на просторното и урбанистичкото планирање ќе се одвиваат по претходно одобрена Планска програма од страна на надлежниот орган и потпишан Договор помеѓу инвеститорот и изработувачот на документацијата, а ќе се финансира од средствата што се издвојуваат за таа намена. Заради реализација на Урбанистичката документација, односно заради расчистување на имотно-правните работи, во текот на 2025 година, ќе се преземат активности за изработка на елаборати за ажурирани геодетски подлоги, како и обезбедување на картирање на плановите на хамер или астралон.

- Ажурираните геодетски подлоги ќе се изработуваат на сите подрачја на територија на општината каде со Програмата за уредување на градежното земјиште ќе се предвиди изработка на урбанистички план или урбанистичко – планска документација;.

- Во случаите кога во Урбанистичкиот план за населено место, Урбанистичкиот план вон населено место или во Локална урбанистичка планска документација на една градежна парцела е утврдена апроксимативна површина за градење наменета за комплексна градба или комплекс на градби, ќе се изработува архитектонско-урбанистички проект, во кој се применуваат планските одредби утврдени со планот.

За изработка на проектно-техничка документација за изградба на објекти од интерес на општината (инфраструктурни објекти, пречистителни станица и сл.), покрај сопствени средства, ќе се бараат донации од меѓународни организации, средства од институциите на Република Македонија како и претпристапните фондови на ЕУ.

## 9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

-За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Пласница .

-Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Пласница".

**Број 08-518/5**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

==========================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Пласница за 2025 година**

1. Се прогласува, **Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Пласница за 2025 година**, бр.08-518/6, донесена од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.
2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/4**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Согласно член 99 став (1) од Законот за градежно земјиште("Сл.весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16, 2/17 и Сл.весник на РСМ број 275/19 и Автентично толкување 101/21, 153/23 и 61/2024 година), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и 202/2024 година), и член 17 од Статутот на Општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024 година), Советот на Општина Пласница на 33-та Седницата одржана на ден 15.11.2024 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА 2025 ГОДИНА**

## Општ дел

Согласно Законот за градежно земјиште, градежното земјиште е добро од општ интерес за Републиката и ужива посебна заштита на начин и под услови утврдени со овој и друг закон.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во име на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија согласно Законот за градежно земјиште, Општина Пласница ги врши согласно изготвена и донесена едногодишна Програма за работа во областа на располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Градежно земјиште** е земјиште кое е планирано со урбанистичко план, урбанистичко планска документација или проект за инфраструктура.

Градежното земјиште во смисла на овој закон е изградено и неизградено, планирано со актите предвидени со Законот за просторното и урбанистичко планирање.

**Изградено градежно земјиште** е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

**Градежна парцела** е дел од градежно земјиште чии граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичко планска документација или проект за инфраструктура предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање.Градежната парцела може да се состои од една или повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

**Уредено градежно земјиште** е земјиште на кое се изградени објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела на јавен пат, објекти на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација, со приклучоци до градежната парцела.

**Објект од траен карактер** е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

**Времен објект** е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежното неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, до реализацијата на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект;

**Инфраструктурен објект** е објект од областа на сообраќајот (копнен, воден и воздушен сообраќај), подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации, предвидени со проект за инфраструктура .

Објектите изградени на површината на градежното земјиште, над или под површината, со намена трајно да останат, се дел од тоа градежно земјиште се додека од него не се одделат, освен ако правно ги одделува од тоа земјиште стварно право или друго право, кое носителот на тоа право го овластува на туѓо земјиште да има објект во своја сопственост или ако врз основа на концесија или јавно приватно партнерство носителот на тоа право го овластува на него да има објект во своја сопственост.

Времен објект не е дел од градежното земјиште и врз основа на времен објект не се стекнува право на сопственост и други стварни права врз градежното земјиште.

## 1.Право на градежното земјиште сопственостна Република Северна Македонија

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски и служи за доброто на сопственикот и на заедницата.
Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што со него е трајно поврзано, а се наоѓа на површината или под неа, ако со законот за градежно земјиште или друг закон поинаку не е определено.
Градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија Општината може да го отуѓи, да го даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да го разменува, да заснова право на стварна службеност, да спроведе постапка за концесија и јавно приватно партнерство по претходна согласност на Владата на Република Македонија, и на него да се востановат други стварни права, како и да спроведува постапки за стекнување на право на сопственост пренесено од поранешен сопственик, на начин и под услови утврдени со Законот за градежно земјиште.

## 2.Начин и постапки за управување со градежното земјиште

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи и да се дава под долготраен закуп и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба, доколку со урбанистички план или урбанистичко планска документација на градежната парцела не се предвидува изградба на градби од јавен интерес утврден со закон.
Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија се отуѓува и да се дава под долготраен закуп и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба, и ако со урбанистички план или урбанистичко планска документација на градежната парцела се предвидува изградба на градби од јавен интерес утврден со закон по претходно донесена одлука на Владата на Република Северна Македонија.
На градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се заснова право на стварна службеност со непосредна спогодба во согласност со законот за градежно земјиште и законот за сопственост и други стварни права.
Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, на кое е предвидено изградба на објекти од јавен интерес од локално значење утврдени со закон, може да се разменува со градежно земјиште во сопственост на физички и правни лица. Потребата за размена на земјиштето за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење утврдени со закон ја утврдува Советот на општината, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.
Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за изградба на инфраструктурни градби утврдени со Законот за градењесе дава под долготраен закуп, се заснова право на службеност или се дава право на трајно користење на истото врз основа на проект за инфраструктура.
На градежно земјиште во заштитен појас на патиштата можат да се поставуваат подземни инфраструктурни градби , со засновање на право на стварна службеност согласно со Законот за градежно
земјиште , врз основа на проект за инфраструктура и на истото може да се постават и други подземни инфраструктурни објекти.
Врз основа на правото на трајно користење на градежното земјиште сопственост на Република Македонија општината може да спроведе постапка за концесија или јавно приватно партнерство по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

## 3.Комисија за спроведување постапка за јавно наддавање

Постапката за јавно наддавање ја спроведува комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање формирана од Градоначалникот на Општина Пласница.

## 4.Предмет на одтуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба

Предмет на одтуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба е градежно земјиште за :

- -оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план за село или урбанистичко планска документација.
- -на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти запишани во јавната книга на недвижности кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежното земјиште.
- -на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти запишани во јавната книга на недвижности , на градежно земјиште на кое имаат засновано долготраен закуп.
- -на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти за кои е донесено решение за утврдување на правен статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти или Законот за заклучување на стечајни постапки отворени согласно со Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај, врз основа на кое се запишани во јавната книга на недвижности.

Со непосредна спогодба градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се даде под долготраен закуп за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон по претходна одлука на Влада на Република Северна Македонија.

Градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се даде под краткотраен закуп со непосредна спогодба заради организирање на градилиште врз основа на проект за подготвителни работи согласно Законот за градење.

## 5.Стварна службеност

Засновање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се врши по поднесено барање од лицето кое е носител на правото на градење на објект од јавен интерес утврден со закон.

## 6.Посебен случај на стекнување на право на сопственост на градежно земјиште

На лице кое користи градежно земјиште пренесено од поранешен сопственик како и на неговите наследници, му се признава правото на сопственост ако истото го користи врз основа на договор за купопродажба склучен со поранешен сопственик повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот.

## 7.Предмет на одтуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање

Со оваа Програма се предвидува отуѓување на градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат во опфатот на Урбанистичкиот план за село Лисичани и тоа:

**1. Урбанистички план за село Лисичани со разработка на Блок 30, Општина Пласница донесен со одлука бр.08-103/5 од 12.02.2018 година и**

**2. Урбанистички план за село Лисичани со разработка на Блок 27, 28, 29 и 31, Општина Пласница донесен со одлука бр.08-473/3 од 31.08.2021 година.**

## 8.Основи за изработка на Програмата

**Законски основ:**
**-Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16, 2/17 и Сл.весник на РСМ број 275/19 Автентично толкување 101/21, 153/23 и 61/2024),**

**- Уредба за висината на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за заснoвањето на право на стварна службеност. (Сл.весник на РМ број 163/16, 190/17, 201/18 и Сл.весник на РСМ број 129/21 )**

**-Статут на Општина Пласница Чл. 11 (Сл. Гласник бр. 02/2024 година)**

*** Основни плански документи**

**1. Урбанистички план за село Лисичани со разработка на Блок 30, Општина Пласница донесен со одлука бр.08-103/5 од 12.02.2018 година**

**2. Урбанистички план за село Лисичани со разработка на Блок 27, 28, 29 и 31, Општина Пласница донесен со одлука бр.08-473/3 од 31.08.2021 година.**

## 9.Општината е должна да води Регистар на отуѓено и дадено под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:
Важечката Стратегија за локален економски развој на Општина Пласница.

## 10.Објава за оттуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште со јавно наддавање

Објавата за оттуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште со јавно наддавање ги содржи задолжителните податоци согласно Законот за градежно земјиште и посебни дополнителни услови доколку се утврди потреба од истите за што е потребна претходна согласност од органот на државната управа надлежен за

вршење на работите кои се однесуваат на управувањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

## 11.Цели на Програмата

Цел на програмата е овозможување на услови за социо-економски развој на општината, преку обезбедување просторни услови за развој.

Заинтерсираните правни и физички лица преку реализација на донесените урбанистички планови можат да ги остварат своите права врз градежното земјиште согласно Закон за градежно земјиште и оваа програма, со што ќе придонесат за развојот на општината на начин што ќе обезбедат вработување на невработени лица а со тоа и обезбедување на подобри услови за живеење од една страна и давање на можност за користење на расположивите ресурси.

## 12.Динамика на реализација на Програмата

Програмата за 2025 година се планира да се реализира до крајот на тековната година, со можност за изменување доплнување на истата.

## 13.Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата

Висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и засновање на право на стварна службеност се пропишани со Уредба („Сл.Весник на РМ„бр.163/16, 190/17, 201/18 и Сл.весник на РСМ број 129/21).

Размената се врши врз основа на пазарната цена на градежното земјиште, во зависност од зоната, местоположбата и степенот на уреденоста на градежното земјиште кое се разменува, согласно со методологијата за процена на недвижен имот.

Финансискиот прилив по основ на располагање со градежно земјиште по пат на непосредни спогодби не може да се предвиди, бидејќи истиот е условен од тоа колку ќе има интерес од правни и физички лица да го остварат тоа право.

Очекуван прилив на средства од постапки на оттуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање:

- од продажба на парцели за индивидуално домување – 7.073.720,43 денари.

## 14.Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од проценети средства потребни за огласување на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште без нивно рекламирање кои што изнесуваат **400.000,00 ден**, оваа сума не е конечна и истата може да се менува, во зависност од потребите за финансирање на оваа годишна програма.

## Преодни и завршни одредби

* Програмата ја донесува Советот на општината.

* Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
* За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Пласница.
* Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службениот гласник на општината.

**Број 08-518/6**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за управување со отпад во општина Пласница за 2025 година**

1. Се прогласува, **Програма за управување со отпад во општина Пласница за 2025 година**, бр.08-518/7, донесена од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/5**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 21 од Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр. („Службен весник на РСМ" бр. 216/21) член 17 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пласница (Сл.Гласник на ОП.бр.02/2024 година), и член 142 став 2 од Деловникот за работа на советот на општина Пласница (Сл.Гласник на ОП.бр.02/2024 и 03/2024), Советот на Општина Пласница на 33-та седница одржана на ден 15.11.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА 2025 ГОДИНА**

Програмата за управување со отпад за 2025 година е алатка за до реализација на Планот за управување со отпад за 2015-2020 година и донесениот Локален акциски план за управување со отпад 2024-2025 година . Врз основа на овие акти за управување со отпад на Општина Пласница се предлага следната програма за управување со отпад за 2025 година.

1. **Проценка на видот и количеството на отпад кој се создава во општината на годишно ниво;**

За 2025 година предвидено е создавање на околу 50 тони комунален отпад на целата територија на Општина Пласница.

2. **Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството на создаден отпад.**

Доследно спроведување и следење на процедурите за добивање на интегрирани дозволи од страна на МЖСП. Во однос на граѓаните воведувањето на селекција на отпадот ќе влијае врз намалувањето на отпадот депониран на времената депонија.

3. **Начинот на остварување на обврските на правните и физичките лица кои управуваат со отпадот.**

Во однос на оваа точка се предвидува да се воведе општински катастар на загадувачи во кој ќе бидат еводентирани сите оние индустриски капацитети кои создаваат отпад и врз основа на годишните количини на создаден отпад ќе бидат обврзани да доставуваат годишни планови и програми за сопственото управување со отпадот.

4. **Начин на работа на објектите и на инсталациите за преработка и за отстранување на отпадот**

Во однос на начинот на работа на објектите и на инсталациите за преработка за отстранување на отпад вакви објекти и инсталации се уште не постојат во рамките на Општина Пласница, освен општинската депонија. Јавното претпријатие на Општина Пласница нама такви можности привремено да го складира сепарираниот отпад, а потоа да го продаде на содветна установа односно справување и преработка на истиот.

Комуналниот отпад се собира согласно усвоената годишна програма за вршење на оваа комунална дејност од страна на ЈП.Комуналец с. Пласница. Дополнително општината ќе ги користи сите можности за уредување на депонијата (депонијата не е оградена, нема машина за покривање на отпадот, нема вода, струја и чуварска служба).

Во соработка со ЈП.Комуналец Пласница, во текот на 2025 година континуирано ќе се уредува и подобрува состојбата на депонијата (депонијата не е оградена, нема машина за покривање на отпадот, нема вода, струја и чуварска служба), ќе се работи на подобрување на состојбата во делот на зголемување на бројот на контејнери и замена на постојните (неупотребливи) како и набавка на пластични

канти за домаќинствата и набавка на ново возило со соодветна опрема за транспорт на собраниот отпад.
Во текот на 2025 година ќе се пристапи кон етапно вклучување на останатите населени места кои не се вклучени во организираниот начин на собирање на комуналниот отпад, пред се поради недоволниот технички и финансиски капацитет на ЈП, се до оној момент кога ќе се воспостави регионално управување со отпадот, каде ќе се почитуваат процедурите за добивање на интегрирана еколошка дозвола за регионална санитарна депонија

5. **Реализација на мониторнгот и информативниот систем во областа на управувањето со отпад.**

Мониторингот треба првенствено да биде воведен со пополнување на обрасците за идентификација и транспорт на отпад, како и со изготвување на годишните извештаи за управувањето со отпад. Овие обрасци се задолжителни за претпријатијата, во кои секако се наоѓа и општинското јавно претпријатие.
Во планот за управување со отпад е наведено од што се состои Миниторингот.

6. **Начин на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот**

Во Општина Пласница ќе се преземат активности за подобрување на досегашниот систем за отстранување на отпадот со техничко доопремување на истиот.

7. **Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад**

Јавна кампања.
За прифаќање на концептот за искористување на биоразградливиот отпад, Општина Пласница преку ЛЕР , урбанизам и заштита на животната средина спроведува јавна кампања за подигање на јавната свест. Ќе изработи план кој ќе содржи, организирање на јавни презентации, изработка на брошури и флаери, настапи на јавни медиуми и вклучување на најмладите категории преку училиштата.

8. **Мерки/активности за селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот**

Во центрите на населените места на кои гравитира општина Пласница веќе се поставени и успешно функционират контејнери со запремнина од 1,1м$^3$.
Да се изработат проекти и да се прават напори за оформување на неколку локации т.н зелени острови за селекција на отпадот во кои посебно ќе се одлага пластика, хартија и комунален отпад.

9. **Начин за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето со отпадот**

Едукацијата на населението треба да се одвива према дадените насоки од глава 13 од Планот за отпад.

Сите останати мерки се дадени во Планот за отпад и истите треба да се реализираат со онаа динамика како што е предвидено во Планот. Одредени корекции треба да се прават на почетокот на секоја година, врз основа на добиените податоци од годишните извештаи за управување со отпад. Доколку има отстапувања од планираната динамика треба да се користат податоците од планот. Во процесот на дефинирање на целите за извршување на услугите во областа на животната средина јавноста треба да биде вклучена, а координатор на активноста може да биде Локална НВО која се занимава со оваа дејност или други стручни лица кој се занимаваат со оваа проблематика. На ваков начин населението полесно ке е прими обврската и свесно ќе е реализира

**На следната табела се дадени активностите со проценети финансиски потреби:**

| Активност | Потребни финансиски средства |
|---|---|
| 1.Јакнење на административните капацитети:<br>- Јакнење на капацитетите на ЈП и Општина Пласница<br>- Нова организациона поставеност во ЈП и подобрување на ефикасноста во делот на отпад<br>- Зголемување на капацитетите во Оптина Пласница за следење на проблемите во делот на животната средина | 80 000 |
| 2.Уредување на постојната депонија(постигнување стандарди за технички минимум) | 150 000 |
| 3.Регионално управување со отпад во Југозападниот плански регион<br>- Изработка на физибилити студија за регионално управување со отпад | Средства преку центарот за развој на Југозападниот плански регион и пелганоски од центарот за равој и Влада на РСМ преку МЖСПП. |
| 4.Изработка на општински катастар на загадувачи | 30 000 |
| 5.Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад<br>- Припремни работи за воведување на системот( набавка на садови за оваа намена) | 60.000 |
| 6.Управување со биоразградливиот отпад<br>- Изработка на студија и проектна документација | 60 000 |
| 7.Мониторинг на управување со отпад<br>--Изработка на база на податоци<br>- предлог мерки за решавање на проблемот со дивите депонии | / |
| 8.Мерки за подигање на јавната свест | 30 00 |

10. Општина Пласница е во кординација со Шветската амбасада преку асоцијацијата САЛАР интернешенал, каде е изготвен и Акционен план за управување со отпад

период 2024-2025 за што ќе следува и услогласување на оваа годишна програма соглано акциониот план.

**10.Преодни и завршни одредби**

Програмата може да претрпи измени и дополни.

Оваа програма ќе се спроведува согласно важечките Законски прописи од областа со управувањето со отпад како и донесените акти и Планови за управување со отпад во општина Пласница.

Програмата стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањe во (Службен гласник на Општина Пласница).

**Број 08-518/7**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница (“Сл.гласник на Општина Пласница“ бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за одржување на јавна чистота на територијата на општина Пласница за 2025 година**

1. Се прогласува, **Програма за одржување на јавна чистота на територијата на општина Пласница за 2025 година**, бр.08-518/8, донесена од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/6**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (“Службен весник на РМ” бр. 111/08, 64/09, 88/10, Испр. 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16, „Службен весник на РСМ“ бр. 122/21 година), и член 28 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РСМ“ бр. 216/21), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5.2002 и 202/2024) и член 17 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Пласница, (Службен гласник на општина Пласница бр.02/2024 година), Советот на општина Пласница на 33-та седница одржана на ден 15.11.2024 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА 2025 ГОДИНА

## I. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата за одржување на јавна чистота е насочена кон одржување на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, поради обезбедување на поквалитетен живот за граѓаните и почиста животна средина во Општина Пласница. Потребата од поголема хигиена на јавните површини е голема, која пак зависи од повеќе фактори, како на пример: густина на население, начин на исхрана, култура на однесување на граѓаните и друго. Од сите овие фактори зависи видот и количината на сметот и комуналниот отпад.

Посебно внимание треба да се обрати при одржување, уредување и заштита на парковите и зеленилото. Во услови на се поголема загаденост на човечката работна и животна средина, , зелените површини претставуваат места за одмор и рекреација на граѓаните и се неопходен услов за нормално работење и живеење.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворени простории на јавните објекти. Со ова програма:

- Се утврдува територијата, распоредот и фрекфенцијата за одржување на јавните површини и отворените простори пред јавните објекти.
- Се утврдуваат основните начела на решавање на работите за одржување на јавната чистота.
- Се утврдува надзор во спроведувањето на програмата и
- Се утврдува начинот на финансирање.

## III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржувањето на јавната чистота на територијата на Општина Пласница ги опфаќа јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, паркинг простори, такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли, пазари и сл.). Во согласност со програмата ќе се извршуваат и следните активности:

- **Чистење на јавни површини**
- **Пренесување на угинати животни во одредена депонија (јама)**
- **Поставување на државни знамиња**
- **Расчистување на диви депонии**
- **Поставување на канти и контењери пред јавните институции**
- **Чистење на снег и мраз во зимски услови**

## IV. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Дел од Програмата за одржување на јавна чистота ќе се реализира од страна на ЈП "Комуналец" с.Пласница во соработка со општина Пласница и дел од оваа програма ќе ја реализира и изведувач избран од страна на Општина Пласница. Утврдувањето на јавните површини е направено брз основа на: густина на населеност, фрекференција

на движење, социјалните, културните и воспитно образовните објекти.

## 4.1.ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

За подобро извршување на работните задачи, јавните површини се групираат во категории:

**1.1 Прва категорија: Чистење на јавни површини во поголемите населени места во општината: метење, собирање и исфрлање на смет еднаш месечно.**

| Ред.бр. | Јавни површини (улици, тротоари др.) | Должина m l | Површина на оддржување m2 |
|---|---|---|---|
| 1 | Улица од сред село Пласница до “Јурија-Рид“ | 450 | 1800 |
| 2 | Улица од кај гробиштата во с.Преглово до м.в.„Азизова чешма“ | 800 | 3200 |
| 3 | Улица од сред село Пласница, по џамија до мостот „Рамковци„ | 620 | 2480 |
| 4 | Улица од мостот на „Бадаловци – Мутевци“ до мостот Голема Река | 706 | 2824 |
| 5 | Улица од сред село Пласница до кај ОУ„Мустафа Кемал Ататурк“ с.Пласница | 400 | 2000 |
| 6 | Улица од мостот кај старата џамија до место викано “На Чуки„ | 220 | 880 |
| 7 | Улица од сред село Преглово - Црколник | 190 | 760 |
| 8 | Улица од кај сред село Лисичани вдолж улица „Алтан Тепсија“ до кај Нуревци | 430 | 1720 |
| 9 | Улица од кај сред село Лисичани до новата населба „Крастица“ | 950 | 3800 |
| 10 | Од клучката на регионалниот пат Р-513 (Кичево – М.Брод) до сред село Лисичани. | 1100 | 5500 |
| | | **5566** | **24964** |

**4.2.Втора категорија: Чистење на јавни површини во останатите населени места во општината: местење, собирање и исфрлање на смет еднаш месечно.**

| Ред.бр. | Јавни површини (улици,тротоари др.) | Должина m l | Површина на оддржување m2 |
|---|---|---|---|
| 1 | Од клучката на регионалниот пат | 2800 | 15400 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Р-513 (Кичево – М.Брод) до сред село Пласница | | |
| 2 | Улица од м.в.„Каралиевци" према црквата во с.Пласница | 130 | 520 |
| 3 | Улица од кај мостот на р.Прска кај новата џамија до горниот дел на Река Прска | 220 | 880 |
| 4 | Улица од главниот пат Ижиште-Преглово до сред село Дворци. | 1500 | 4500 |
| 5 | Улица од кај Нова џамија до м.в.„Шарен камен" | 120 | 360 |
| 6 | Улица од кај сред село Лисичани до кај Мифтарофци | 330 | 990 |
| | | **5100** | **22650** |
| 1 | Улица од сред село Пласница до м.в.„Цветана" | 200 | 600 |
| 2 | Улица од сред село Пласница до м.в.„Мустаовци" | 430 | 1290 |
| 3 | Улица од м.в.„Јурија" до м.в.„Огради" | 300 | 900 |
| 4 | Улица од главниот пат до м.в.„Меѓине" | 285 | 855 |
| 5 | Улица од мостот кај Дулевци до Ибевци | 210 | 630 |
| 6 | Улица од м.в.„Бразди" до резервоарот во с.Лисичани | 215 | 645 |
| | | **1640** | **4920** |
| | | **5100+1640** | **22650+4920** |
| | | **6740** | **27570** |

Врз основа на нормативите за метење на Јавните комунални претпријатиа, потребниот број на работници утврдени врз основа на површините, прикажан е во следната табела.

| р.бр. | Динамика на интервенции | Норма за еден работник за една недела во (м2) | Површини на улици во м2 | Цена на исчистен $м^2$ со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Рачно метење (еднаш месечно) | 6.000 | **52.534** | **2.75 ден** |
| | | | | |
| | | | | |

- **Пресметка за чинење на работна рака, потребниот алат и опрема за извршување на работата (метење, собирање и исфрлање на смет)**

Пресметка на исчистени $м^2$ во година:

Вкупна јавна површина 52 534 x 12 месеци годишна површина кој е планирана да се

исчисти 630 408 $м^2$
630 408 $м^2$ x 2,75 ден = **1.733.622,00 денари**

➢ **Потребен алат за работа и ХТЗ опрема**

| р.бр. | Материјал | Количина | Цена | Вкупно со ддв |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Метли | 11 | 70,00 | 770,00 |
| 2. | Лопати | 11 | 200,00 | 2.200,00 |
| 3. | Копачи | 11 | 600,00 | 6.600,00 |
| 4. | Грибла | 11 | 300,00 | 3.300,00 |
| 5. | Лопати за снег | 11 | 600,00 | 6.600,00 |
| 6. | Колички | 11 | 1.500,00 | 16.500,00 |
| 7. | ХТЗ опрема, одела и чевли, нараквици | 11 | 6.000,00 | 66.000,00 |
| 8. | | | **Vkupno:** | **101.970,00** |

➢ **Исфрлање на собраниот комунален отпад со трактор на депонија:**
100 тури x 500,00 denari = **50.000,00 денари со ддв**

**ВКУПНО ТРОШОЦИ:**

- Трошоци за одржување на јавна чистота------------------ 1.733.622,00
- Алат и ХТЗ опрема------- ---------------------- 101.970,00
- Исфрлање на отпад ------------------------ 50.000,00

**Вкупно трошоци кои се предвидуваат по овој основ е: 1.885.592,00 денари**

## 4.3. ПРЕНЕСУВАЊЕ НА УГИНАТИ ЖИВОТНИ ВО ОДРЕДЕНА ДЕПОНИЈА (ЈАМА)

- Превоз на утоварени угинати животни, една тура - 1000 денари;
- Поединечно собирање на угинати животни – 100 денари по животно;

Од досегашната пракса, годишно во општина Пласница се врши собирање на угинати животни:

4 пати x 100 животни = 400 животни
400 животни x 100 денари = 40.000 денари
4 пати x 4 тури = 16 тури во текот на една година x 1000 ден. = 16.000 ден.

**Вкупно: 40.000 + 16.000 = 56.000 денари со ддв**

## 4.4. ПОСТАВУВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ЗНАМИЊА

За поставување на знамиња се користи возило камион, кој покрај возачот го опслужуваат уште двајца работници или за едно поставување се потребни три часа.

2 работници x 3 x 65 = 390
камион x 3 x 600 = 1.800

Вкупно : 2.190

Со оглед на тоа да годишно има по 10 (десет) празници, а за секој празник се трошат по 2.190 денари за поставување на знамиња, тоа значи дека за оваа активност годишно се потребни **21.900 денари со ддв.**

**4.5. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ**

Расчистувањето на дивите депонии е терминилогија и пракса вообичаено прифатена кај нас. Всушност се работи за некоректно однесување на граѓаните и правните лица во општина Пласница. Во општина Пласница регистрирани се 7 (седум) поголеми диви депонии на територија на сите населени места.

Чистењето на заостанатиот отпад наречен диви депонии ќе се врши два пати годишно. За едно чистење на една дива депонија се трошат по 3.000 денари (2000 за утовар и 1000 денари за гориво), што значи за сите седум диви депонии во текот на една година ќе бидат потребни 42.000 денари **(7 x 3000= 21.000 x 2 = 42.000 денари со ддв).**

**V. ПОСТАВУВАЊЕ НА КАНТИ И КОНТЕЊЕРИ ПРЕД ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ**

Од страна на ЈП "Комуналец" с.Пласница ќе бидат поставени канти и контењери пред јавните објекти за собирање на сметот и тоа пред основните и подрачните училишта, здраствените амбуланти и други институции од јавен карактер.

**VI. ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ**

Во зимскиот период доколку паѓа снег, изведувачот е должен за чистење на снегот и мразот одулиците и тротоарите, односно од пристапните улици до објектите од јавните институции.

**VII.ДИНАМИКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на општина Пласница согласно Законот за јавната чистота и Законот за управување со отпад се фокусира на одржувањето на јавната чистота во населените места во општина Пласница.

Со спроведувањето на оваа програма ќе се подобри кавлитетот на одржување на јавната чистота и ќе се обезбедат поквалитетни услови за живот и почиста животна средина.

Реализацијата на програмата зависи од динамиката на обезбедување на финансиски средства. Финансиските средства ќе бидат озбезбедени од сопствени приходи.

**<u>Предвиден - ПЛАНИРАН РЕКАПИТУЛАР</u>**

| | |
|---|---|
| **ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ** | **1.885.592 денари** |
| **ПРЕНЕСУВАЊЕ НА УГИНАТИ ЖИВОТНИ ВО ОДРЕДЕНА ДЕПОНИЈА(ЈАМА)** | **56.000 денари** |
| **ПОСТАВУВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ЗНАМИЊА** | **21.900 денари.** |
| **РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ** | **42.000 денари** |
| **ПОСТАВУВАЊЕ НА КАНТИ И КОНТЕЊЕРИ ПРЕД ЈАВНИТЕ** | **/** |

ИНСТИТУЦИИ

ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ /

**СЕ ВКУПНО СО ДДВ: 2 .005.492,00 денари**

**Н а п о м е н а:**

Согласно горенаведените активности кои произлегуваат од реализацијата на оваа годишна Програма за јавна чистота за 2025 година, општината ќе склучи договор со ЈП.Комуналец Пласница и избраниот економски оператор во износ од 600.000, 00 денари, во зависност од дадените работни задачи ( ова е износ до кој може ЈП.Комуналец Пласница, и избраниот економски оператор да ги вршат работите /услугата од оваа Програма ), да фактурира и да доставува, комплетна документација за исплата по основ на одржување на јавната чистота на територија на општина Пласница, работните активнсти дополнително ќе се утврдат.

**VIII.НАДЗОР**

Надзорот за реализација на оваа програма согласно со Законот за јавна чистота ќе го вршат комуналните редари во општина Пласница.

**IX.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма не е конечна и истата може да се менува во текот на 2024 година, во зависност од настанатите промени.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во („Службен гласник на општина Пласнца").

**Број 08-518/8**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за работа на Советот на општина Пласница за 2025 година**

1. Се прогласува, **Програма за работа на Советот на општина Пласница за 2025 година**, бр.08-518/9, донесена од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/7** **Општина Пласница**
**15.11.2024 година** **Градоначалник**
**Пласница** **Алија Јаоски**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр.5/2002), член 17 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник на општина Пласница бр.02/2024 година) и член 131 и 132 од Деловникот за работа на Советот на општина Пласница (Службен гласник на општина Пласница бр.02/2024 и 03/2024 год), Советот на општина Пласница на 33 - та седница одржана ден 15.11.2024 година донесе :

## ПРОГРАМА
## за работа на Советот на општина Пласница за 2025 година

**I. ОПШТ ДЕЛ**

Според надлежностите што ги даваат Уставот на Република Северна Македонија, Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот за работа на Советот на општина Пласница, Советот на општина Пласница донесува Програма за работа за 2025 година.

Во програмата се одбележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2025 година согласно надлежностите кои се во ингеренции на Советот на општина Пласница.

Програмата овозможува транспарентност во работата на Советот и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувањата на заинтересирани субјекти и поединци од општината.

**II. ПОСЕБЕН ДЕЛ**

Во продолжение следува подетални разгедувања на дел од актите за кои е надлежен Советот на општина Пласница во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година.

### Во период од Јануари -Март

**1.План и програма за спроведување и реализација на годишните Програми во општина Пласница за 2025 година, постапување и ажурирање на истите.**

- **изработува**: Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој:

-**разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина,

- **донесува и усвојува**: Совет на Општина Пласница

**2. Завршна сметка на Буџетот на општина Пласница за 2024 година.**

-**изработува**: Одделение за финансиски прашања;

-**разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).

-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**3. Извештај на ЈП'Комуналец"- Пласница за работата во 2024 година.**
**изработува**: ЈП'Комуналец"-Пласница,
**разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, Комисија за опшествени дејности,
**донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница,

4. **Програма на ЈП'Комуналец"- Пласница за работата во 2025 година.**
**изработува**: ЈП'Комуналец"-Пласница,
**разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, Комисија за опшествени дејности,
**донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница

5. **Финансиски план ЈП'Комуналец"- Пласница за работата во 2025 година.**
**изработува**: ЈП'Комуналец"-Пласница,
**разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, Комисија за опшествени дејности,
**донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница:

**6.Завршна сметка на Буџетот на Јп Комуналец Пласница за 2024 година.**
**-изработува**: Јп „Комуналец" Пласница
**-разгледува:** Комисија за финансирање на буџет и локалне економски развој
**-донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

7. **Пологодишен извештај за работата на ООУ„Мустафа Кемал-Ататурк" с.Пласница за работата во 2024 година.**
**-изработува**: ООУ„Мустафа Кемал-Ататурк" с.Пласница,
**-разгледува**: Комисија за опшествени дејности;
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница.

**8. Пологодишен извештј на ООУ„Јунус Емре" с.Лисичани за работата во 2024 година.**
**-изработува**: ООУ„Јунус Емре" с.Лисичани,
**-разгледува**: Комисија за опшествени дејности;
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница.

## <u>Во период Април-Јуни</u>

**1.Квартален извештаи за извршување на Буџетот на општина Пласница за прв квартал во 2025 година;**
**-изработува**: Одделение за финансиски прашања;
-предлага: Градоначалникот на општината;
**-разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
**-донесува и усвојува: Совет на општина Пласница**

**2. Извештај за работа на Советот на општина Пласница во 2024 година,**
**-изработува**: Претседател на Советот на општина Пласница;
**-донесува и усвојува: Советот на општина Пласница.**

**3. Усвојување на завршна сметка на Југозападен плансннки регион за 2024 година**
**-Изработува:Југозападен плански регион**
**-Усвојува и донесува:Совет на Општина Пласница.**

**4. Усвојување на Финансиски план на Југозападен плансннки регион за 2024 година**
**-Изработува:Југозападен плански регион**
**-Усвојува и донесува:Совет на Општина Пласница.**

## Во период Јули-Септември

**1.Годишен извештај за работата на ООУ„Мустафа Кемал-Ататурк" с.Пласница за работата во 2024/2025 година.**
**-изработува**: ООУ„Мустафа Кемал-Ататурк" с.Пласница,
**-разгледува**: Комисија за општествени дејности;
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница.

2. **Годишен извештај на ООУ„Јунус Емре" с.Лисичани за работата во учебната 2024/ 2025 година.**
**-изработува**: ООУ„Јунус Емре" с.Лисичани,
**-разгледува**: Комисија за општествени дејности;
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница.

**3.Квартален извештаи за извршување на Буџетот на општина Пласница за втор квартал во 2025 година;**
**-изработува**: Одделение за финансиски прашања;
-предлага: Градоначалникот на општината;
**-разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
**-донесува и усвојува: Совет на општина Пласница**

**4.Полугодишен Извештај за реализација на Годишен план за вработување во општинската администрација во општина Пласница за 2025 година;**
**-изработува**: Раководно лице на институцијата,
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница

**5.Полугодишен Извештај за реализација на Годишна програма за обука на вработените во општинската администрација во општина Пласница за 2025 година;**
**-изработува**: Раководно лице на институцијата,
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница,

## Во период Октомври -Декември

**1.Програма за зимско одржување на улиците и патиштата на територијата на општина Пласница за 2026 година;**
**-изработува:** Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
**-разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
**-донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**2. Програма за управување со отпад во Општина Пласница за 2026 година;**
-**изработува**: Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
-**разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**3.Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони систем (водоводна, атмосферска и фекална канализациона мрежа) и снабдување со вода за пиење на територијата на општина Пласница по населени места за 2026 година;**
-**изработува**: Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
-**разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**4.Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите населени места за 2026 година;**
-**изработува**: Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
-**разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**5.Програма за одржување на јавна чистота на територијата на општина Пласница за 2026 година;**
-**изработува**: Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
-**разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**6. Програма за изградба, реконструкција , санација , одржување и заштита на други објекти на територијата на општина Пласница за 2026 година;**
-**изработува**: Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
-**разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**7. Програма за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Пласница за 2026 година;**
-**изработува**: Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,

**-разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
**-донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**8. Програма за работа на комсијата за еднакви можности на жените и мажите во општина Пласниза за 2026 година;**
**-изработува**: Општинската администрација, координатор и заменик координатор,
**-разгледува:** Комисија за еднакви можности.
**-донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**9.Програма за дезинфекција, дезинсекција, и дератизација за 2026 година**
-изработува :Одделение за општи и правни работи
-Разгледува :Комисија за општествени дејности
-Донесува и усвојува:Совет на општина Пласница

**10.Буџет на општина Пласница за 2026 година Пласница.**
**-изработува**: Одделение за финансиски прашања;
**-разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
**-донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**11. Одлука за извршување на Буџет на општина Пласница за 2026 година Пласница.**
**-изработува**: Одделение за финансиски прашања;
**-разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
**-донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**12. Буџетски календар 2026 година Пласница.**
**-изработува**: Одделение за финансиски прашања;
**-разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).

**13. Одлука за Благајнички максимун за 2026 година**
**-изработува**: Одделение за финансиски прашања;
**-разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
**-донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.
**-донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**14.Квартални извештаи за извршување на Буџетот на општина Пласница за трет квартал во 2026 година;**
**-изработува**: Одделение за финансиски прашања;
-предлага: Градоначалникот на општината;
**-разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
**-донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница

**15. Полугодишен Извештај на ЈП'Комуналец"- Пласница за работата во 2025 година.**
**изработува**: ЈП'Комуналец"-Пласница,

**разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, Комисија за опшествени дејности,
**донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница:

**16.Разгелувања и усвојување на акти од областа на месната самоуправа во општина Пласница;**
**-изработува**: Месните самоуправи формирани на територијата на општина Пласница,
**-разгледува:** Комисија за месна самоуправа,
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница.

**17.Донесување на останатите годишни програми во надлежност на општина Пласница за 2026 година;**

## III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од програмата за работа на Советот на општина Пласница се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2025 година, која се сведува во донесување на нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период од страна на Советот врз основа на прописите што ќе бидат донесени во 2025 година.

## IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на програмите се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници кои треба да се придржуваат на законските процедури и роковите утврдени со програмата.

Во текот на 2025 година Советот на општина Пласница ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Извршувањето на Програмата ќе зависи од законските и финансиските услови со кои ќе располага општинскиот буџет и добиените средства од домашни и странски владини и невладини институции/ организации.

Прогрмата се проследува до Градоначалникот кој е надлежен за спроведување на истата и се објави во „Службен гласник на општина Пласница".

**Број 08-518/9**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на општина Пласница за 2025 година**

1. Се прогласува, **Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на општина Пласница за 2025 година**, бр.08-518/10, донесена од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/8**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 28, став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ"бр.149/14, 149/15 и 53/16), член 17, став 1 точка 3 од Статутот на Општина Пласница („Сл. Гласник на Општина Пласнца" бр.2/2024 година), Советот на Општина Пласница на 33-та седница одржана на ден 15.11.2024 година, донесе:

**Програма**
**за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на општина Пласница за 2025 година**

**I. В О В Е Д**

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со членовите 26,27,28,29 и член 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ" бр.149/14;149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот; условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомните животни, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, како единствено ефикасен и одржлив е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени, што е уредено или допрва треба да се уреди со поголем број Програми и Одлуки за комунален ред во општините во Р.Македонија.

Поточно Програмата подразбира заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата на животните истите се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци. Со 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

По стерилизација/кастрација сите животни се вакцинирани, обележани (ушна маркичка или чип), фотографирани и регистрирани.

**II. О С Н О В Н И П Р И Н Ц И П И:**

Општините во Република Македонија како основни носители на оваа Програма и релевантни субјекти во решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, се раководат од следните принципи·

**2.1.Принципи за контитуитет** – Програмата се разгранува на подпрограми, стратегија, се надоврзува на проекти кои се претходно направени, усвоени и применувани во оваа област (или алтернативно кои ќе бидат направени)

**2.2.Универзален принцип** – Програмата се надоврзува на сеопфатно третирање и надминување/ решавање на проблемите во врска со чувањето на животни од неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како и напуштање и занемарување, проблем кои се во најголема мерка главен причинител за зголемување бројот на напуштени животни. Од тие причини е клучно да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.

Комуналната редарска служба ќе продолжи да врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред. **Воедно е неопходно е да се изврши измена и дополнување на Оддлуката за комунален ред на подрачјето на општина Пласница со кои ќе се уреди:**

- Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици,
- Нивна заштита од суровост и занемарување, начин на сместување и чување под соодветни услови за секој вид на куче во сопствената дворна површина
- Ќе се забрани непреченото размножување на сопственичките кучиња освен во услови на регистрирана одгледувачница и
- Предвидат санкции за напуштањето миленик

Општина Пласница во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етичките и законски обврски на сопствениците на миленици, преку едукативни предавања.

**2.3. Принцип на одржливост** - Програма воспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општините, со кој трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него;

Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

• Да се воведе концептот на одговорно сопственишство, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
• Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
• Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
• Да се промовира одговорна грижа за „маалските" бездомни кучиња;
• Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
• Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
• Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
• Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;

• Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

**2.4. Принцип на соработка** - Програмата се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државните и локалните власти, ветеринарните организации, комуналните претпријатија и пред се здруженијата за заштита на животни.

**III.О С Н О В Н И Ц Е Л И Н А П Р О Г Р А М А Т А:**

**3.1.Цели**

Главната цел на програмата е **контрола над популацијата на бездомните** кучиња во општина Пласница, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

**1)** спроведување на стратегијата „залови –стерилизирај – вакцинирај – врати" на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица и

**2)** комплементарност со друг вид мерки предвидени во рамки на Одлука за комунален ред и/или друг вид правни акти во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици (забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање )

Спроведувањето на оваа програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е:**

**Сите активности за контрола на популацијата на бездомни кучиња ќе се вршат само преку прифатилиште одобрено од Агенција за храна и ветеринарство.**

**Контрола на популацијата на бездомните** кучиња првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинацијата, обележување и повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните-кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави. Се воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопствеништво и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

„Залови – стерилизирај - вакцинирај –врати" е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација.

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни **е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици** во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување чиповање и регистрација на сопствениците на кучиња, едукација на сопствениците, казнување за неодговорните сопственици).

**Изградба на систем за трајна контрола и мониторинг** за намалување на бројот на бездомни кучиња, со активно и одговорно учество на сите општествени фактори, особено на здруженијата за заштита на животни.

**IV. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ**

Активностите за хумано третирање на бездомни животни на подрачјето на општините подразбираат:

- заловување на животните,
- нивен транспорт до стационарот,
- прием и преглед од овластен ветеринар,
- лабараториско испитување на животните на одредени болести
- идентификација и водење евиденција,
- овариохистеректомија и орхиектомија,
- постоперативно сместување, лекување и нега
- вакцинација и дехелментација
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени - еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината, доколку не се вдомат.

Заловувањето на бездомни животни ќе се врши покрај дивите депони во населените места : Преглово, Пласница, Дворци и Лисичани.

Рок за спроведување на планирани активности : Март - Јуни 2025 година.

**Заловување и транспорт -** Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата процедура која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на персоналот кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги траумира животните, изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредната околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа, изборот на персоналот треба да биде соодветен на самата процедура, лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не чувствуваат анимозитет и предрасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат цо луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата. Поради евиденција, да се сними како тече заловувањето.

Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, пушка (сафари) за привремено успивање со средство за времена парализа - успивање, корпи-кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Транспортот од местото на заловување до стационарот се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на животните.

Униформите и возилото се видно обележени со натпис:

* Служба за хуман третман и контрола на бездомни животни*.

**Стационар и медицински третман** - Секое заловено животно се носи во центар за третирање на бездомните кучиња, каде треба да подложи на клинички преглед, хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити. Неопходно е и секое животно да биде евидентирано/регистрирано во дата база на податоци, како и обележано (со ушна маркица, чипирање или пластифициран колан) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. **Севкупниот наведен третман**

**(стерилизација/кастрација; дехелминтизација; вакцинација; обележување со ушна маркица или микро чип) за секое животно е на терет на општина Пласница.**

За да постои центар за привремен престој на животните (понатаму Транзитен центар) или Прифатилиште, неопходно е овој објект да ги задоволува пропишаните норми во ПРАВИЛНИКОТ за техничките услови во прифатилиштата, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките за еутаназија, начинот за водење евиденција и начинот за вршење надзор, форма и содржина на регистарот и начинот на регистрација, како и информации потребни за регистрација.

**Стационарот е објект од тврда градба, лоциран на одредено место на територијата на општина Пласница, чии место дополнително ќе се утврди со акт од страна на Советот на општина Пласница. Стационарот е опремен со соодветни простории за медицински третман, како и кафези - боксови за сместување на животните.**

Заловените животни се транспортираат до стационарот каде се врши клинички преглед, вакцинација и дехементизација. Сите клинички здрави животни се пренесуваат во болничкиот дел. Теренската идентификација за секое заловено животно веднаш се евидентира и се заведуваат и други податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

Се напоменува дека со животните можат да работат само ветеринарни лица и стручни лица сакаат животни, кои немаат страв или анимозитет кон животните, лица кои поминале соодветни обуки и припадници од здруженија за заштита на животни. Тие со животните се обврзани да постапуваат грижливо и хумано, задоволувајќи ги стандардите пропишани со Законот за заштита и благосостојба на животните. За животот на животните може да оценува само ветеринарно лице. Односот кон животните може да биде предмет на мониторирање од страна на здруженијата за заштита на животни, со цел, при евидентирање на одредени нерегуларности, да се укаже помош за нивно надминување (согласно европските најдобри практики во овој домен).

<u>**Стерилизација (овариохистеректомија и орхиектомија)**</u> - Стерилизација е најефикасната мерка која, спречува неконтролирано размножување , намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација и прифатилишта. Исто така воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња, така што во наредните 3-4 години целосно би се решил овој проблем на напуштени кучиња.

Стерилизацијата на женските и машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат - стерилизираат.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во болничкото одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменските кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот.

Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши вакцинација против беснило и дехелментизација. Животните обележани со ушна маркица, се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

<u>**Посвојување и вдомување**</u> - Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња и мачки. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирани, и стерилизирани и да имаат микрочип, а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, стационарите треба да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и заинтересираните граѓани.

Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменски отворени веб портали, се со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување миленик.

**Еутаназија** - Еутаназија - е во целост неефикасен метод за контрола и решавање на проблемот на напуштените животни на долгорочно ниво, и,е препорачано од страна на Светската здравствена организација може да се спроведе **само и исклучиво како хумана еутаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени - во терминален стадиум на болест или повреда; кога состојбата е неизлечлива, и кога е невозможно да се елиминира болка.** Во тој контекст, а во рамки на оваа Програма еутаназијата смее да се изведе само како последна опција во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно ; како и во случаи кога станува збор за екстремно агресивно животно за кое нема можност за ресоцијализација. Одлуката за извршување еутаназија може да ја донесе само ветеринарно лице, при комисиско оправдување на одлуката од 3 ветеринарни лица. Неопходна е детална аргументација на ваквиот чекор во регистарот на еутаназирани животни.

Еутаназираните животни се отстрануваат на еден од законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

**Вклучување на граѓаните во Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – воведување на статус „Старател на бездомни животни"**

Физичко лице кое доброволно со сопствените средства, обезбедува храна и ветеринарна помош и грижа на напуштени животни кучиња и мачки во градот во кој живее, континуирано го следи статусот, се смета како СТАРАТЕЛ на бездомни кучиња и/или мачки. .

Со својот волонтерски ангажман и пружени информации овиле лица ја помагаат Општината да поквалитетно ги врши дејствијата од областа на зоохигиената на територијата на градот и се сметаат, во смисла на оваа Програма за важна компонента во процесот на контрола на бездомните животни кои се наоѓаат на јавните површини од градот.Овие лица се грижат за напуштени животни во согласност со важечките законски прописи во областа на ветеринарната медицина и благосостојбата на животните во исто време не го загрозуваат мирот и безбедноста на граѓаните и животната средина.

Освен што директно и помагаат на општината преку грижа и хранење на животните, при што директно и индиректно придонесуваат кон колективната здравствена заштита и контрола на популацијата бездомни животни, нивниот ангажман помага и вообезбедување на информации (бројка на стерилизирани/нестерилизирани животни; бројка на починати животни и сл) на општинските служби.,

Во интерес на општината е да одржува интензивна соработка меѓу државните институции, ЕЛС и старателите, се со цел здравствената заштита на луѓето, животните, општата безбедност и хуман третман кон бездомните животни. Светските искуства покажуваат дека ангажирањето на оние граѓани кои се грижат за животните е незаменливо и од суштинска важност (обезбедува бесплатна волонтерска помош) за контролата на бездомните животни по нивното враќање на улица.

**Лица кои се грижат за напуштени животни се евидентирани во Одделението за комунални дејности на единицата на локална самоуправа на општина Пласница.**

Евидентацијата треба да содржи податоци за овие лица (име, матичен број , адреса на лична карта, општина, моментален престој адреса, телефонски број и e-mail адреса, име на здружението за заштита на животни ( ако физичкото лице е член на здружение), како и информации за напуштените животни нивна грижа (број на микрочипови кај кучињата и мачките, локации каде што живеат ).

Старателот на бездомните животни пријавува и може да пружа асистенција на службата за заловување со цел животните кои не се стерилизирани да бидат заловени и да подложат на третманот на овариохистеректомија и орхиектомија, дехелминтизација, идентификација и

повторно враќање на територијата на која биле заловени, како и да помогне во процесот на вдомување на што поголем број бездомни животни.

Старателот на бездомните животни треба да ја извести надлежната службата при ЕЛС за исчезнување или смрт набездомно животно за кои се грижи , по што тој податок ќе се евидентира.

**Согласно Програмата општината им овозможува бесплатна стерилизација, кастрација, вакцинација, чипирање и лекување на сите бездомни животни, вклучително и на животните кои ги носат луѓето кои се грижат за нив на улица - старатели на бездомни животни.**

Старателот на бездомни животние лице кое врши општествено корисна дејност и со своето волонтерско дејствување и помага на заедницата во која живее. **Старателот на бездомни животни во ниту еден случај не одговара материјално ни кривично за штета (по одредбите за објективна одговорност од ЗОО) што евентуално би ја направиле бездомните животни за кои се грижи.**

**Се предвидува интензитет на заловување и капацитет на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување на 30 бездомни кучиња.**

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Пласница за **2025** година и се планираат средства во износ од **300.000**, денари.

Цените за заловување на бездомни животни и престој во стационарот ќе се утврдува со посебни ценовници, одобрени од Советот на општина Пласница.

Цените за ветеринарниот третман предвидени со оваа Програма се дефинираат од најповолен понудувач, избран со јавна набавка.

## VI. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Извршител на активностите од оваа Програма е правно лице, врз основа на претходно склучен договор со општината.

## VII. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата врши Секторот за комунални работи, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство (надлежности кои произлегуваат од Законот за заштита и благосостојба на животните) и Здруженијата за заштита на животните.

Инспекциски надзор врши Секторот/одделението за инспекциски работи/надзор на општина Пласница преку инспекторите за комунални работи.

Исто така од страна на општинскиот комунален инспектор ќе се спроведува контрола по однос на одговорното сопственишто на домашните миленици еднаш годишно.

## VIII. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Една од целите на оваа Програма е едукација и информирање на јавноста со активностите на истата. Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственишто, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;

• Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
• Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
• Да се промовира одговорна грижа за маалските бездомни кучиња;
• Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
• Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
• Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
• Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;
• Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

**IX. З А В Р Ш Н И О Д Р Е Д Б И**

Оваа програма може не е конечна, истата може да се менува, доколку настанат одредени околности.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во („Службен гласник на Општина Пласница“).

**Број 08-518/10**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница (“Сл.гласник на Општина Пласница“ бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за работа на комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година**

1. Се прогласува, **Програма за работа на комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година**, бр.08-518/11, донесена од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/9**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002 и 202/2024 година) како и согласно член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („(„Службен весник на РМ“ бр. 6/12, Испр. 30/13, 166/14, 150/15, „Службен весник на РСМ“ бр.

53/21), Советот на Општина Пласница на 33-та седница одржана на ден 15.11.2024 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за работа на комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година

**I.Општа цел**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, функционира како работно тело на Советот на Општина Пласница (во понатамошниот текст КЕМ).

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

-Превенција од насилство, насилство врз жените и семејно насилство, (превенција и заштита од родово и полово базирано насилство);

-Промоција и вклучување на Општина Пласница во родово одговорно буџетирање;

-Влијание во намалување на насилството кај децата и младата популација (разрешување на конфликти и превенција од насилство меѓу децата врз етничка, верска, полова и друга основа);

-Воспоставување на поголема соработка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) со невладиниот сектор (НВО);

-Промоција на концептот за потикнување на еднаквите можности на жените и мажите и другите членови на заедницата за учеството во јавниот и политичкиот живот како значаен аспект за развој на граѓанско општество;

-Инклузија на децата со посебни потреби и пречки во развојот во образовниот систем;

**II.Цели и задачи на програмата**

Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година ги дефинира следните општи цели:

- Промоција на принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, вклучување во активностите за развој на заедницата во сите сфери од општествениот живот и недискриминација на локално ниво;

- Поттикнување на еднакви можности на жените и мажите за рамноправно учество на жените во јавниот и политичкиот живот на локално ниво;

- Промоција и развивање на правата на жените во областа на образованието и здраството;

- Зајакнување на соработката помеѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со граѓанските невладини организации (НВО) на локално и национално ниво.

Главна задача на општината и Комисијата е да работат на унапредување на состојбата на жените и на обезбедување еднакви можности за жените и мажите на локално ниво преку процесот на изготвување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати.

**III.Акциски план**

Табела со активности

| ПРОБЛЕМ | ПЕРИОД | ЦЕЛ | АКТИВНОСТИ | ПОКАЗАТЕЛИ | БУЏЕТ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се почестата појава и земањето замав на овие болести | Октомври 2025г | Поттикнување на жената за редовни прегледи | -Трибина на тема „Превенција, откривање и лекување на рак на дојка". | Организирање на трибини | 10.000,00 денари |
| Недоволно познавање на ризик фактори и улогата на исхраната за појава на дијабет | Во текот на 2025г | Едукација за превенција | -Трибина на тема „Ризик фактори и превенција од дијабет". | Организирање на трибини | 15.000,00 денари |
| Недоволно познавање на Законот за еднакви можности на жените и мажите и правата и можностите кои произлегуваат од овој закон | Во текот на 2025г | Прогрес на родовата еднаквост и недискриминација на локално ниво | -Организирање на трибини за запознавање со правата и можностите кои произлегуваат од Законот за еднакви можности на жените и мажите<br>-Изработка на информативен материјал | Организирање на трибини<br>Дистрибуирање на флаери | 7.000,00 денари |
| Недоволно познавање во врска со поволностите кои ги нуди земјоделското стопанство | Во текот на 2025г | Информирање за можностите и условите за вклучување во земјоделското стопанство | -Трибина на тема „Жената земјоделец и менаџер„<br>-Помош околу комплетирање на потребните документи за регистрирање како ИЗ или земјоделска фирма | Организирање на трибини<br>Организирање на работилници | 6.000,00 денари |
| Немањето храброст за јавно говорење и пријавување на | ноември, декември 2025г | Подигнување на свеста за јавно говорење за насилство врз | Одбележување на 16 дена активизам за борба против | Организирање на трибини<br>Изработка на | 20.000,00 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| насилство врз жените | | жените и пријавување на истото | насилство врз жените | флаери | |
| Се почестата појава на меѓуврсничко насилство | Во текот на 2025г | Препознавање и подигање на свеста за меѓуврсничко насилство кај девојчиња и момчиња (bulling) | Трибина на тема „Стоп на меѓуврсничкото насилство кај девојчињата и момчињата (bulling) | Организирање на трибини | 7.000,00 денари |
| **ВКУПНО:** | | | | | **65.000,00 денари** |

**IV.Области на делување**

1. Спречување на сите форми на насилство врз жените и други форми на насилство, семејно насилство, насилство врз децата;
2. Воведување на Општината во родово буџетски иницијативи преку иницијативи и предлози од страна на КЕМ;
3. Еднакви можности и антидискриминација во сите области (врз родова, етнилка, културна, традиционална, религиозна и друга основа);
4. Зајакнување на соработката меѓу Комисијата за еднакви можности на Општина Пласница со другите комисии за еднакви можности на општините и други институции кои работат во областа за еднакви можности на жените и мажите;
5. Вклучување на граѓаните преку своите преставници во креирање на политики на локално ниво (Граѓански активизам);
6. Во областа на образование, инклузија на децата со посебни потреби и пречки во развојот во системот на образование;

**V.Форми и облици за реализација на активностите**

- Работилници
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање дебати за определени прашања
- Семинари
- Организирање обуки по определени прашања
- Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација

**VI.Завршни одредби**

Програмата е само предлог на КЕМ, сите активности кои ќе бидат дополнително предложени, а се реално остварливи, ќе бидат прифатени и реализирани со помош на Градоначалникот, ЕЛС, како и други субјекти кои се расположени за соработка, се со цел создавање еднакви можности за сите.

Оваа програма не е конечна и истата може да е изменува и дополнува во текот на 2025 година.

Програма влегува во сила со денот на објавувањето во („Службен гласник на Општина Пласница“).

**Број 08-518/11**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

==========================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Програма за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025 година**

1. Се прогласува, **Програма за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025 година**, бр.08-518/12, донесена од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/10**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа (*Службен весник на РМ* бр.5/02) член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21) и член 18 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Пласница (*Службен гласник на општина Пласница* бр.3/2024), Советот на општина Пласница на 33-та седница одржана на ден 15.11.2024 година ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А

**за активностите на општина Пласница за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025та година**

- Со оваа програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација по елиминирање на криза и во областа на заштита и спасување особено во

противпожарната заштита (доброволните противпожарни друштва,општински противпожарен сојуз ,секциите во училиштата и млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес . Според законските одредби, општина Пласница во 2025та година овие активности ќе ги остварува преку:

- Просторниот штаб за заштита и спасување
- Регионалниот центар за управување со кризи,
- Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани –екипи ,одделенија),
- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на општина Пласница,
- Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територија на општина Пласница, со доброволните противпожарни друштва, општинскиот противпожарен сојуз и секциите во училиштата на млади пожарникари.

## 1.ЦЕЛИ

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди ,пожари во населените места ,во шуми,отворени простори,поплави,сообраќајни несреќи и др.
- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата,
- Заштита и спасување на луѓето,животната средина,материјалните добра ,природните богатства,животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба ,
- Создаввање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра,
- Обезбедување на навремено известување за опасноста,благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите,
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација ,опременост и координираност на силите за заштита и спасување,справување со кризи и против пожарна заштита.

## 2. АКТИВНОСТИ

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма,активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и спсжасување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна,навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Пласница преку оваа Програма за 2025 година во рамките на своите материјални можности ќе обесбеди финансиски средства потребни за квалитетна и технички стручна подготвена единица за противпожарна заштита ,која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целата територија на општина Пласница и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спсувањето , превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината .

## 3. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето и активностите од областа на заштитата и спасување , превенција и справување со кризни појави дејствувањето на органите кои се вклучени за реализација на оваа програма, активностите, ќе бидат реализирани од :
-Средства од буџетот на општина Пласница и Републичкиот буџет,
Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва домашни и странски фондации, правни и физички лица наменети за унапредување и заштита од пожари ,доброволни противпожарно организирање и за друг вид на несреќи .

РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на општина Пласница | Дополнително ќе се утврдат |

Б) Противпожарна заштита ,доброволна противпожарна организација и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина

| | РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Организирање и спроведување обука на просторните штабови и единици | 10.000,оо денари |
| 2 | Доброволна противпожарна организација-Секција за млади пожарникари во сите училишта | 10.000,оо денари |
| 3 | Општински противпожарен сојуз-организирање на квиз натпревари | 10.000,оо денари |
| 4 | Набавка на техничка и заштитна опрема | 10.000,оо денари |
| 5 | Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата | 2.000,оо денари |
| 6 | Набавка на работни униформи за ДПД | 10.000,оо денари |
| 7 | За обука договорни услуги | 10.000,оо денари |
| 8 | Освежителни пијалоци при реализација на вежбовните и други активности | 10.000,оо денари |
| 9 | Помош на изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секоја куќа посебно | 5.000,оо денари |
| 10 | Проектни активности-школа за млади пожарникари во соработка со ФЛОРИОН | 10.000,оо денари |
| 11 | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | 20.000,оо денари |
| 12 | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица –учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 20.000,оо денари |
| 13 | Безбедносна проверка на населението за безбедносна проценка од пожар | 10.000,оо денари |
| 14 | Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општинара | 5.000.оо денари |
| 15 | Тактичко-показни вежби и активности за превенција и справување со кризни состојби и појави | 10.000,ооо денари |
| 16 | ВКУПНО 1-15 | 152.000,оо денари |
| | | |

**5 Други форми и активности за побезбедна општина со подржување и помагање на субјектите од заштитно-спасувачката организираност на територијата на општината**

- Активностите на ДЗС, ЦУК, Територијалната противпожарна единица, Општинскиот противпожарен сојуз , Доброволните противпожарни друштва , Секциите за млади пожарникари по училиштата во општина Пласница, освен со финансииски средства, Советот на општина Пласница освен со финансиски средства Советот на општината и Градоначалникот на општината ќе помагаат и стимулираат со :
- Учество на градоначалнико и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и општинскиот противпожаррен сојуз поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани,
- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

**6. Завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и градоначалникот на општина Пласница и Одделението за урбанизам комунални дејности, заштита на животната средина и локален еконоски развој, во општина Пласница.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита и спасување, ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од пожари,инспекторот за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и градоначалникот на општина Пласница ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварување на програмските цели и активности .

Според наши согледувања висината на бараните финансиски средства се минорни во буџетот на општината а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра и други добра од елемнтарните и други несреќи ,кризни состојби и појави треба да имаат непроценливо значење за побезбедна општина .

**Број 08-518/12**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

___________________________

==========================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница (“Сл.гласник на Општина Пласница“ бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите населени места за 2025 година**

1. Се прогласува, **Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите населени места за 2025 година**, бр.08-518/13, донесена од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/11** — **Општина Пласница**
**15.11.2024 година** — **Градоначалник**
**Пласница** — **Алија Јаоски**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 став 1 од од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и 202/2024 година) член 17 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Пласница (Сл.гласник на ОП бр.02/2024 година) и член 142 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Пласница (Сл.гласник на општина Пласница бр.02/2024 и 03/2024 година) Советот на Општина Пласница на 33- та седницата одржана на ден 15.11.2025 година, ја донесе следнава:

# П р о г р а м а

## за изградба, реконстукција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите населени места за 2025 година

### Член 1

Со оваа Програма се утврдуваат средствата за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови и други активности во 2025 година во општина Пласница нивниот распоред и начин на користење на истите.

Во Буџетот на општина Пласница за 2025 година ќе бидат предвидени само оние средства кои се обезбедени, како и средства по основ на склучени договори од стррана на општина Пласница со институции кои објавуваат јавни повици.

При изготвување на програмата се има предвид дореализацијата на планираните активности од Програмата за 2024 да се завршат во 2025 година, постојаната состојба на инфраструктурата, барањата на месните заедници и граѓаните, согледувањата на општинската администрација и можностите за обезбедување на финансиски средства.

### Член 2

Со програмата се предвидени следниот обем и вид на работи во тековната 2024 година кои се предвидени и ќе се исплатат согласно следните Програми предвидени во Буџет на општина Пласница за 2024 година и тоа:

**А.** **ЈД ПРОГРАМА** – Изградба, реконструкција и санација на локалните патишта, улици и мостови во општина Пласница по сите населени места;

**Б.** **Ј6 ПРОГРАМА** – Одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на целата општина.

### Член 3

Средставата за изградба, реконструкција, санација и одржување на локалните улици, патишта и мостови во 2025 година ќе се остварува од следните извори:

1. Јавно претпријатие за државни патишта – Скопје............1.070.041,00 денари;
2. Средстав обезбедени од Буџетот на општина Пласница за 2025 година;
3. Средства доделени на општина Пласница по договор за доделување на финансиски средства.

**Член 4**

Општина Пласница согласно расположливите средства обезбедени од сопствени приходи, од ЈП за државни патишта, и од средстав добиени по основ на склучени договор за доделување на финансиски средстав, ќе ги реализира следните проекти:

- **<u>Предвидени Проекти за реализација во текот на 2025 година во општина Пласница, по населени места:</u>**

**<u>1.За с.Пласница:</u>**

**1.1.**Основен проект за потпорен зид ОУ„Мустафа Кемал Ататурк„-Пласница, во износ од 997.230,00 ден (со ддв), тех бр.15/17;
**1.2.**ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЗИД НА КП3404,КП3405,КП3310, КО ПЛАСНИЦА во износ од 2.577.734,00 (со ддв) ТЕХ.БР.126/18;
**1.3.**Оновен проект за изградба на потпорен Зид Дел 2 на КП – 3649 КО Пласница во износ од 2.534.981, 37, и 3.055.355,45 со ДДВ и тех.бр.58/24;
**1.4.**Основен проект за изградба на потпорен Зид Дел 1 на КП 3651/1 КО Пласница во износ од 4.364.548,36 со пресметан ДДВ, тех.бр.59/24;
**1.5.**Основен проект за изградба на потпорен Зид Дел 2 на КП 3651/1 КО Пласница во износ од 4.499.582,25 со пресметан ДДВ, тех.бр.60/24;
**1.6.**Основен проект за линиска инфраструктурна градба-за рехабилитација и осветлување на станбена улица (СТ 2) н.м. Пласница во износ од 17.043.189,00 ден (со ддв), овој проект е во фаза на реализација во текот на 2024/2025,
**1.7.** Изградба на мост (кај синановци), тех.бр.125/18, во износ од 1.288.555,00;
**1.8.** Изградба на пат во с.Пласница до с.Дворци и с.Преглово, тех.бр.0308/206/550/2019 година, во износ од 44.509.069,00 денари, овој проект ќе се изведува во износ од 9.200.000,00 денари и или 880 метри, со средства обезбедени од Влада на Р.С.Македонија;
**1.1.**Основен проект за линиска инфраструктурна градба – Реконструкција на улици и краци во с.Пласница тех.бр.04/22, во вкупен износ од 6.584.780,00 денари, од кој не реализиран износ останува 817.640,00 денари тао е улица во КП.687,2526 и 670:
**1.2.** Основен проект за линиска инфраструктурна градба – Изградба и реконструкција на улици и краци тех.бр.07/22 во вкупен износ од 3.820.790,00 денари.

2. **<u>За с.Преглово:</u>**

**2.1.**Основен инфраструктурен проект за изградба на пристапни улици дел од ПР5 и дел од ПР8 во износ од 2.493.156,63 ден (тех.бр 11/21), овој проект ќе се реализира со средства од Влада на Р.С.Македонија во текот на 2024/2025 година;

**2.2.** Основен проект за линиска инфраструктурна градба - Реконструкција на улици и краци во с.Преглово тех.бр.08/22 во износ од 4.820.970,00, за овој проект има реализација во износ од 1.624.180,00 денари;

3. **За с.Лисичани:**
   **3.1.** Основен инфраструктурен проект за изградна и реконструкција на улица од лот (2) СТ4, СТ2, ПР4, крак ПР6, ПР6) во н.н. Лисичани – оп.Пласница, во износ од 18.540.968,49 ден (со ддв), однодно износнот од 13.074.753,00, останува за реализација;
   **3.2.** Основен проект за линиска инфраструктурна градба – Изградба на улици и краци во н.м.Лисичани тех.бр.10/22 во износ од 7.779.344,00, од кој во текот на 2024 година, од кој Дел од, Улицата Сервисна улица СР 3 кон земјоделско земјиште е во фаза на реализација во текот на 2024 година;
   **3.3.** Основен проект за линиска инфраструктурна градба – Пристапни улици од ПР18 до ПР 26 и станбена улица СТ 5 с.Лсисичани тех.бр.11/22 во износ од 13.000.084,00 денари.

4. **За с.Дворци:**
   **4.1.** Изградба на АБ мостови со расчистување и регулирање на речни корита во с.Дворци во вкупна вредност од 450.000,00 денари;
   **4.2.** Основен проект за линиска инфраструктурна градба - Реконструкција на Улица во с.Дворци тех. Бр.06/22 година, во износ од 1.934.003,00 денари.

➢ **Планирани проекти за изработка на комплетна техничка документација и реализација на истите:**

- Изградба на пат за поврзување на општина Пласница со општина Крушево;
- Изградба на брана-вештачка акумулација над с.Пласница;
- Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Лисичани;
- Изработка на техничка документација и изведба на проектот „Ископување на бунари за исцрпување на вода и резервоари за истите до постојаните резарвоари во н.м.Пласница и н.м.Преглово – општина Пласница";
- Подготовка на тех.документација за основен проект за поврзувањена н.м.Преглово со н.м.Пласница (под гробишта), општина Пласница;
- Уредување на речни корита по УПС од с.Преглово, с.Пласница и с.Лисичани.

**Член 5**

Дел од планираните средства како пренесени приходи од претходната година од страна на Јавното претпријатие за државни патишта се наменети за тековно одржување на локалните патишта, улици и мостови во општина Пласница по населени места согласно Програмата Ј6-Одржување на локалните патишта, улици и мостови и програма ЈД- Изградба, реконструкција и санација на локалните патишта, улици и мостови во општина Пласница по сите населени места и тоа:

**Ј6 – Програма**

- За зимско одржување на локалните патишта и улици на територија на општина Пласница..........................................................250.000,00 денари,

**ЈД Програма**

- Изградба, реконструкција и санација на локалните патишта, улици и мостови во општина Пласница......................................сумата по основ на оваа програма дополнително ќе се утврди.

**Член 6**

При реализирањето на оваа програма приоритете ќе имаат оние населени места каде што граѓаните ќе покажат интерес за сопствено учество во обезбедување на материјали, работна рака или на друг начин.

**Член 7**

Оваа програма не е конечна и истата може да се измени и надополни во текот на 2025 година.

**Член 8**

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник' на општина Пласница.

**Број 08-518/13**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи водоводна, атмосвера и фекална канализациона мрежа и систем за снабдување со води за пиење на територија на општина Пласница за 2025 година**

1. Се прогласува, **Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи водоводна, атмосвера и фекална канализациона мрежа и систем за снабдување со води за пиење на територија на општина Пласница за 2025 година**, бр.08-518/14, донесена од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/12**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 22 став 1 т. 4 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002 и 202/2024) и член 17 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пласница (Сл.гласник на ОП бр.02/2024 година), и член 142 став 2 од Деловникот за работа на советот на општина Пласница (Сл.гласник на ОП бр02/2024 и 03/2024 година), Советот на општина Пласница на 33-та седница одржана на ден 15.11 .2024 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

**за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи (водоводна, атмосфрска и фекална канализациона мрежа ) и систем за снабдување со вода за пиење на територија на општина Пласница по населени места за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа програма се утврдуваат средствата за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи (водоводна, атмосферска и фекална канализациона мрежа) и систем на територијата на општина Пласница по населени места за 2025 година нивниот распоред и начнот на користење на истите.

**Член 2**

Со програмата се предвидени следниот обем и вид на работи во тековната година кои се предвидени и ќе се исплаќаат согласно следните Програми предвидени во Буџет на општина Пласница за 2025 година и тоа:

**А.** ЈГ ПРОГРАМА – Изградба на системи за водоснабдување во општина Пласница по населени места;
**Б.** ЈИ ПРОГРАМА-Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води.
**Ц.** Ј1 ПРОГРАМА – Снабдување со вода;
**Д.** Ј2 ПРОГАМА – Одведување и пречистување на отпадни води.

Во Буџетот на општина Пласница за 2025 година ќе бидат предвидени само оние средства кои се обезбедени. Според тоа во оваа програма ќе бидат прикажани сите проекти кои се изработени, вкупниот износ, како и проектите кои се во фаза на изработка.

**Член 3**

Средствата за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи (водоводна, атмосферска и фекална канализациона мрежа) во 2025 ќе се остварат од следните извори:

1. Средства обезбедени од Буџетот на општина Пласница за 2025 година;
2. Средства обезбедени од Министерство за животна средина и просторно планирање и Буџет на општина Пласница во износ од 5.000.000,00 денари( средства за фекална канализација во н.м.Преглово книга 1);
3. Средства доделени на општина Пласница по склучен договор за доделување на финансиски средства;

**Член 4**

Планираните средства од член 3 од програмата ќе бидат искористени за реализација на следните проекти:

➢ **<u>Предвидени Проекти за реализација во текот на 2025 година во општина Пласница, по ситте населени места:</u>**

- Реконструкција на водоводната мрежа во с.Пласница тех.бр.65/16 од јуни 2016, во износ од 36.948.705,00 денари, со ДДВ,
- Реконструкција на водоводната мрежа во село Преглово тех.бр.66/16 од јуни 2016, во износ од 47.007.975, 00 денари со ДДВ; (Освен фаза 3 од овој проект е реализиран) со тоа што, проектот без оваа ,фаза изнесува 25.768.670 денари.
- Основен проект „Х„ хидротехнички проект Филтер станица на зафатена вода од пласничка река во н.м..Пласница, во вкупен износ од 22.155.224,17 денари со ДДВ;
- Основен проект за фекална канализација во с.Лисичани, во вкупен износ од 46.428.682,00 денари со ДДВ со тех бр. 47/16;
- Основен проект за изградба на фекална канализација за новие блокови од 27-31 во н.м.Лисичани – општина Пласница тех.бр.24/24 ОП, во износ од 4.759.552,18 денари;
- Основен проект за фекална канализација во н.м.Пласница Книга 1 износ 42.246.732,43. со ддв тех. Бр 127/18, од кој (дел од овој проект Книга 1 крак 12, е изведен во текот на 2022/2023 година;
- Основен проект за фекална канализација во н.м.Пласница Книга 2 износ 10.446.676. со ддв тех.бр 128/18;
- Филтер станица на резервоар во с.Пласница со тех.бр.29/14 во износ од 1.077.432,87 денари.
- Основен проект „Доградба на фекална канализација во н.м.Преглово-општина Пласница, Книга 1 со те.бр.03/23 во износ од 10.725.472,00 денаи и книга 2, со тех бр.04/23 година, во вредност од 9.776.112,62, од двете книги книга 1 и книга 2, ќе се реализираат во износ од 5.000.000,00 денари со средства од МЖСПП.
- 

➢ **<u>Планирани проекти за изработка на комплетна техничка документација и реализација на истите во текот на 2025 година:</u>**

- Изградба на фекална канализација за с. Долно Ижиште, средствата дополнително ќе бидат утврдени;
- Доизградба на фекална канализација во с.Преглово, средствата дополнително ќе бидат утврдени,
- Изградба на фекална канализација во с.Дворци, средствата дополнително ќе бидат утврдени;
- Изработка на техничка документација и изведба на проектот „Ископување на бунари за исцрпување на вода и резервоари за истите до постојаните резарвоари во н.м.Пласница и н.м.Преглово – општина Пласница,
- Изработка на техничка документација за изведба на проект за водоводна мрежа за блоковите 27,28,29, 30 и 31 – КО Лисичани;
- Изработка на техничка документација за уредување на речните корита по УПС – Пласница, Преглово и Лисичани- општина Пласница.

- Изработка на тех.документација за партерно уредување и игралиште во н.м.Пласница;
- Изработка на проект за Изградба на улица во КП 1453 во с.Дворци;

**Член 5**

При реализирањето на оваа програма приоритет ќе имаат оние населени места каде што граѓаните ќе покажат интерес за сопствено учество во обезбедување на материјали, работна рака или на друг начин.

**Член 6**

Оваа Програма не е конечна и истата може да се измени и надополни во текот на 2025 година.

**Член 7**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на општина Пласница".

**Број 08-518/14**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

==============================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на други објекти на територија на општина Пласница за 2025 година**

1. Се прогласува, **Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на други објекти на територија на општина Пласница за 2025 година**, бр.08-518/15, донесена од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.
2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/13**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 22 став 1 т. 4, 5 и 6 и член 62 ст.1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002 и 202/2024 ), член 17 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пласница (Сл.гласник на ОП бр.02/2024 година), и член 142 став 2 од Деловникот за работа на советот на општина Пласница (Сл.гласник на ОП бр02/2024 и

03/2024 година), Советот на општина Пласница на 33-та седница одржана на ден 15.11.2024 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
**за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на други објекти на територијата на општина Пласница за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа програма се утврдуваат средствата за изградба и реконструкција на други објекти по населени места на територијата на општина Пласница за 2025 година.

**Член 2**

Со програмата се предвидени следниот вид и обем на работи во тековната 2025 година:

**1.Изградба на нова здравствена амбуланта за граѓаните на територија на општина Пласница**

1. Дополнително ќе биде определен износот на инвестицијата а по изработка на основен проект. Владата на РМ со Заклучокот бр.42-17/179 од 08.01.2014 од одржаната седница на 08.01.2014 година, го задолжи Министерство за здравство, да изготви акционен план за реконструкција и санација на здравствената амбуланта во с.Преглово како и парите за реконструкција и санација да се обезбедат од Буџетот на Министерство за здравство.

Овој проек се планира да се заврши во текот на 2024/2025 година.

**2.Изградба, реконструкција и одржување на спортски терени и игралишта на територијата на општина Пласница.**

-Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Лисиачни;

-Изградба на спортска сала во с.Лисичани;

*Вредноста на работите ќе се определи дополнително со изготвување на предмер пресметка од страна на општинската администрација во зависност од активностите и обезбедените финански средства.

**3.Активности во ООУ „Мустафа Кемал Ататурк с.Пласница**

1.Изградба на јавни тоалети во близина на ОУ „Мустафа Кемал Ататурк„ поради дотраеноста на посточките тоалети.

*Проценета вредност на работата*: Дополнително ќе се утврди

2.Поставување на легнати полицајци и сообраќајна сигнализација на локалниот пат пред училишната зграда.

**4. Активности во ОУ.Јунус Емре с.Лисичани**

1. Поставување на легнати полицајци и сообраќајна сигнализација на локалниот пат пред училишната зграда.

*Проценета вредност на работата> Дополнително же се утврди.*

2. Оградување на училиштето и училишниот двор

*Проценета вредност на работата> дополнително же се утврди..*

**5. Одржување на спортски и културни манифестации.**

Вкупната проценета вредност ќе се определи во зависност од потребите и барањата на локалното население.

**6.Уредување на општинскиот и училишните дворови:**

Бојадисување на постоечките огради, квалитетно надворешно осветлување, изработка и поставување на табли со надписи на општината и сл. активности.

*Вредноста на работите ќе се определува дополнително со изработка на предмер пресметка од страна на општинската администрација во соработка со одговорните лица на училиштата во зависност од обемт на работа и обезбедените финански средства.

**7. Други планирани активности;**

-изработка на техничка документација и изградба за потпорни зидови, на неопходни места во н.м.Пласница,

- изработка на техничка документација и изградба на за потпорни зидови, на неопходни места во н.м.Преглово, и регулирање на речните корите, посебно во горно Преглово, во близина на Џамијата;

- изработка на техничка документација за потпорни зидови, на неопходни места во н.м.Лисичани,

-проширување на мостови по сите населени места во општина Пласница, каде е тоа неопходно.

**Член 3**

Работите и услугите предвидени во член 2 од оваа програма ќе се изведуваат врз основа на уредно изготвена проектно-техничка документација како и врз основа само на предходно изготвена предмер-пресметка за работи и услуги од помал обем, односно за работи за кои не е потребна техничка документација.

**Член 4**

Средствата за реализација на оваа програма ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Пласница, од Министерство за локална самоуправа, Министерство за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ-Скопје, Министерството за култура, Агенција за млади и спорт, Министерство за финансии, како и од страна на владини и невладини организации регистрирани во Република Северна Македонија.

**Член 5**

При реализирањето на оваа програма приоритет ќе имаат оние населени места каде што граѓаните ќе покажат интерес за сопствено учество во обезбедување на материјали, работна рака или на друг начин.

**Член 6**

Оваа Програма не е конечна и истата може да се измени и надополни во текот на 2025 година

**Член 7**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на општина Пласница.

**Број 08-518/15**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за усвојување на Методологија за урбанистичка ревизија за општина Пласница**

1. Се прогласува, Одлука за усвојување на **Методологија за урбанистичка ревизија за општина Пласница**, бр.08-518/16, донесена од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/14**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(„Сл.весник на РМ"бр.5/2002 и 202/2024 година), член 17 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница" бр.02/2024 одина) и член 147 од Деловникот за работа на Советот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница" бр.02/2024 и 03/2024 година), Советот на општина Пласница на 33 редовна седница одржана на ден 15.11.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## за усвојување на Методологија за урбанистичка ревизија

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Методологија за урбанистичка ревизија бр.19-531/1 од 14.11.2024 година, донесен од страна на Градоначалникот на општина Пласница.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на општина Пласница''.

**Број 08-518/16**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

_______________________________

===========================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

## За прогласување на Одлука за усвојување на Правилник за користење на средства за репрезентација во општина Пласница

1. Се прогласува, **Одлука за усвојување на Правилник за користење на средства за репрезентација во општина Пласница**, бр.08-518/17, донесен од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/15**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(„Сл.весник на РМ"бр.5/2002 и 202/2024 година), член 17 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница" бр.02/2024 одина) и член 147 од Деловникот за работа на Советот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница" бр.02/2024 и 03/2024 година), Советот на општина Пласница на 33 редовна седница одржана на ден 15.11.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## за усвојување на Правилник за користење на средства за репрезентација во општина Пласница

### Член 1

Со оваа одлука се усвојува Правилник за користење на средства за репрезентација во општина Пласница бр.09-534/1 од 15.11.2024 година, донесен од страна на Градоначалникот на општина Пласница.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавивање во „Службен гласник на општина Пласница''.

**Број 08-518/17**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

==============================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница (“Сл.гласник на Општина Пласница“ бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Пласница за 2025 година**

1. Се прогласува, **План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Пласница за 2025 година**, бр.08-518/18, донесен од Советот на општина Пласница на ден 15.11.2024 година.
2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-536/16**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

**Локална самоуправа на општина Пласница**

с.Ижишта
045/287-086 и 076/426-070
www.plasnica.gov.mk/

# П Л А Н
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

Врз основа на Член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) и член 13 став 2 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ; бр. 36/04, 49/04, 86/06, 124/10 и 18/11), како и Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање за заштитата и спасувањето (Сл. Весник на РМ бр.76/05) Советот на општина Пласница на седницата одржана на ден 15.11.2024 год. Донесе:

## О Д Л У К А
## За донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Планот за заштита од природни непогоди и други несреќи на Општина Пласница.

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Член 3

Еден примерок од Одлуката да се објави на огласна табла во институцијата и достави во архива.

**Бр. 08-518/18**
**15.11.2024 год**
**Пласница**

Претседател
**на Совет на општина Пласница**
**Џемаил Асаноски**

_________________

***С О Д Р Ж И Н А***

***1.Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи***

***2.План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи:***
***2.3.1.Заеднички документи***
***- План за евакуација***
***- План за заштита и спасување од пожари***
***- План за прва медицинска помош***
***2.3.2.Посебни документи***
***-Преглед на силите за заштита и спасување (припадници и МТС)***
***-Дневник за активностите во заштитата и спасувањето***
***-Работни карти за следење на состојбата***

**Локална самоуправа на општина Пласница**

17.11.1996

с.Ижишта
045/287-086 и 076/426-070
www.plasnica.gov.mk/

**П Р О Ц Е Н А**
**На загрозеност од природни непогоди**
**и други несреќи**

Врз основа на Член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) и член 11 став 4 од Законот за заштита и спасување(Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), а согласно Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл. весник на РМ бр. 76/06) и член 11 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Пласница (Сл.гласник на општина Пласница бр:02/2024), Советот на општина Пласница на седницата оддржана на ден 15.11.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи**

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи во Општина Пласница – која е дадена во прилог и која е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Оваа одлука стапува на сила од денот на донесувањето.

Член 3

Еден примерок од Одлуката да се објави на огласна табла, достави до Архива на институцијата, припои кон записникот.

**08-518/18 год.**
**15.11.2024 год**

**С О Д Р Ж И Н А :**

Вовед:

**I.** ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ
**II.** ПРОЦЕНА ПО ВИДОВИ НА ЗАГРОЗЕНОСТ
**III.** ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ СО ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕТО
**IV.** ОСПОСОБЕНОСТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
**V.** ОСПОСОБЕНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
**VI.** ЗАКЛУЧОК

**В О В Е Д**

Начинот на проценување на опасностите во случај на природни непогоди, епидемии и други несреќи се темели на реални процени на можната загрозеност на вработените, објектите и инфраструктурата при што се поаѓа од најтешките варијанти и можни предвидувања за природни непогоди, епидемии и други несреќи, можностите за примена на мерките за заштита, расположивите сили за спасување на вработените и материјалните добра, како и отстранување на последиците од природните непогоди, епидемии и други несреќи.

**I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

***1. Дејност и нејзино влијание на можноста за предизвикување на природни непогоди и други несреќи***

Административната зграда на Општина Пласница е установа каде се сместени канцелариите на Локалната самоуправа и канцеларија на Центарот за социјални работи како и Салата за оддржување на седници на Советот.

Општина Пласница како установа која се занимава со горенаведените дејности со својата работа не може да предизвика поголеми несреќи во текот на дејноста, освен релативна можност за настанување на пожар.

***2. Влијание на несреќите и непогодите во обавувањето на дејноста***

Природните и други непогоди можат да предизвикаат негативни последици во обавување на дејноста. Како последица на земјотреси, пожари, експлозии и други несреќи може да дојде до појава на урнатини, прекини на довод на електричната енергија и телефонски врски, како и влошување на условите за работа поради опожарените простории, дефекти на водоводна и канализациона мрежа. Во потешки случаи може да дојде до појава на повредени вработени и странки па дури и човечки загуби.

Појавата на епидемии на заразни болести може да предизвика намалување на бројот на вработените во поедини ситуации поради претпазливост, може да дојде до прекинување на работата заради спречување на ширењето на болести.

Сите овие причини можат да доведат до тешкотии во обавување на дејноста, а во потешки случаи и до повремени прекини или поголеми прекини, па и до целосен прекин во обравување на дејноста или до дислокација на работните простории.

***3. Податоци за капацитетите***

Општина Пласница располага со следните капацитети:

- Канцеларии,
- Сала за седници,
- Магацин за гориво,
- Котлара,
- Санитарни простории
- Двор .

***4. Густината на изграденост на објектите и нивната карактеристика и важност за заштита од природни непогоди и други несреќи***

Објектот на општина Пласница се наоѓа на една локација во с.Ижишта покрај регионалниот пат Кичево - Македонски Брод – Прилеп.

Објектот е од тврда градба и не постои голема опасност од негово уривање и оштетување на соседни објекти.

Објектот граничи од јужната страна со регионален пат, од северна страна со приватен објект, од источна страна со верски објект (џамија), а од западната страна со бензиска пумпа.

*5. Сообраќајна инфраструктура*

**Објектот на Општина Пласница во с.Пласница, е поврзан со регионален пат од јужната страна и може непречено да се извршува евакуација, пристап на противпожарни возила, возила на брза помош и други возила за евакуација и пружање помош.**

*6.Број на вработени*

Во зградата на Општина Пласница има вработено 22 луѓе во редовен работен однос и со канцеларии во зградата.

## II. ПРОЦЕНА ПО ВИДОВИ НА ЗАГРОЗЕНОСТ

### 1. Загрозеност од земјотреси, урнатини

Територијата на општина Пласница не спаѓа во загрозените подрачја од земјотреси и не се предвидуваат земјотреси со разорни ефекти, но можни се тектонски движења со помал интензитет.

Според Сеизмолошкиот Завод Скопје и Геолошката карта, општина Пласница е лоцирана на (карпест предел) од (палеозојски карпи) со структури како антиклинориуми и синклинориуми кои припаѓаат на родопската зона. За ова подрачје со посебно внимание треба да се гледа кон скопското сеизмичко подрачје поради неговата близина од 100км со најголем случен земјотрес, со магнитуда, бидејќи протегањето на сеизмоактивниот фактор е во правец североисток-југозапад на кој се можни афтоктони движења.

На подрачјето на општината нема сеизмички жаришта, но се пренесуваат од соседните жаришта. Според скалата на МЦС (Меркали-Цанцани-Свеберг) на подрачјето на општината се можни земјотреси од прв до четврт степен што не значи дека не се можни земјотреси од петти степен па и поголеми.

**Објектот на општина Пласница е новоизграден објект од тврда градба и во случај на земјотрес можни се мали оштетувања и нема опасност од рушење и оштетување на соседни објекти, блокирање на улици и евентуални човечки жртви**

2. **Загрозеност од снежни наневи, лавини и луњи**

Снежните навеви, лавини и луњи, како природни мететролошки појави во зимскиот период предизвикуваат различни пореметувања на секојдневните активности на граѓаните и вработените во општината. Овие природни непогоди би предизвикале отежнато одвивање на локалниот сообраќај, физичко отежнување на надземните водови и преносната електрична мрежа, а со тоа и отежнато извршување на дејноста и секојдневните обврски на ЕЛС Пласница.

Според статистичките податоци просечниот број на денови со снежна наметка во општина Кратово изнесува 30-50 дена во зимскиот период, снежни врнежи кои би можеле да предизвикаат големи наноси од снег, а со тоа и затрупување на улиците и главните комуникации.

Иако основна задача за расчистување од снежни навеви Општина Пласница ја доделува на приватни изведувачи кои располагаат со потребна механизација и средства за чистење на снегот по улиците во населените места, но и ЛП„Комуналец" врши дополнително чистење на снежните навеви и наноси.

3. **Загрозеност од пожари и експлозии**

Според градбата и содржината на објектот нема голема опасност од избувнување на пожар и негово ширење. Самиот процес на работа е таков да нема опасност од предизвикување на пожар но сепак потенцијални опасности за предизвикување на пожар се:

- Неисправна електрична инсталација
- Разни грејни тела
- Електрична апарати (кујна)
- Временски непогоди
- Човечко невнимание
- Глодари

При обавување на секојдневната дејност може да дојде до избувнување на пожар. Во случај на пожар на овие објекти неопходна е предходна подготвеност и навремено дејствување заради брзо и ефикасно локализирање на пожарот и спречување на негово ширење. Заради извршување на овие активности се оспособуваат сите вработени.

Последиците од пожар би се одразиле по целокупното работење на општина Пласница бидејќи би се уништила целокупната архива и смедководство, компјутерската мрежа, инвентарот односно сите документи и податоци за општината со кои располагаме.

4. **Загрозеност од епидемии на заразни заболувања**

Основна дејност на општина Пласница извршување на јавни услуги и дејности од интерес на граѓаните, па оттука мора да се превземаат константно и постојано одредени мерки за здравствена заштита и редовни систематски прегледи и следење и евиденција на здравствена состојба на вработените.

5. **Загрозеност од поплави и уривање на високи брани**

Проценка на загрозеност од дејство на поплавите на територијата на Општина Пласница е резултат на географско-топографските карактеристики на самата Општина, хидролошката состојба на реките во општината, климатските особености и нивните нагли промени и наглото топење на снегот на планините не представуваат поголема опасност за објектот на општина Пласница.

Опасност од поплава постои при поројни врнежи, неисправност на хидрантската и канализациона мрежа, неисправност на вентилите, пукање на хидрантската инсталација, затнување на одводните шахти и канали.

## III ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ СО ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Општина Пласница од редот на вработените има потреба и можности за формирање на просторни сили (единици и штабови) за заштита и спасување и тоа од редот на вработените во ЈП „Комуналец“. ЗС во установата ке се одвива во склоп на редовното работење и доследно спроведување на законот за заштита и спасување како и законот за безбедност и здравје при работа.

Раководењето со ЗС во установата ќе се одвива преку раководните структури и надлежните за безбедност и здравје при работа.

## IV. ОСПОСОБЕНОСТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Установата општина Пласница располага со стручен кадар кој се грижи за следење и примена на прописите од областа на заштита и спасување, но треба да обезбеди материјални и други можности за подобра реализација на мерките, задачите и активностите што се однесуваат на заштита и спасување.

Општина Пласница располага со потребен број на ПП апарати и хидранти кои редовно се одржуваат и сервисираат од страна на овластена фирма „ППА Викторија, од с.Дебреше Гостивар, со која имаме склучено договор.

Од голема корист е што вработените имаат поминато обука како теоретска така и практична од областа на прва помош, евакуација и заштита и спасување.

## V. ОСПОСОБЕНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Општина Пласница има обучено лица од своите вработени од областа Противпожарна заштита од стручна и овластена установа „ППА Викторија„ и тоа со предавања и практична обука за употреба на противпожарните апарати и хидранти. Исто така има обучено и лица за вршење на евакуација и спасување.

## VI. ЗАКЛУЧОК

Природни непогоди и други несреќи можат да го погодат секој, а секако најголем ризик е од избувнување на пожари, поплави и урнатини предизвикани од земјотреси. Интензитетот и големината на овие несреќи би зависеле пред се од причината од која настанале како и можноста за ескалација со поголеми последици.

Во општина Пласница се спроведуваат редовни контроли и сервисирање на противпожарните апарати, исправноста на хидрантите, водоводната мрежа и електрична инсталација. Објектот не е висок, така да во случај на пожар не би требало да има последици по луѓето, повеќе акцент би требало да се стави на големината на материјалната штета.

Редовно се спроведуваат здравствени прегледи на вработените со цел да се намали можноста од зарази и епидемии, но овие мерки не можат да ги исклучат и наведените влијанија.

Општина Пласница
**назив на институцијата**

## ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

**Изработува: -____________________**
**Ажурирано: __________________**
**Одобрува: ___________________**

______________

_____________

СОДРЖИНА:

***2.План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи:***
***2.1.Подготвеност на силите за заштита и спасување***
***2.2.Мобилизација на силите за заштита и спасување***
***2.3.Ангажирање на силите за заштита и спасување***
***2.3.1.Заеднички документи***
***- План за евакуација***
***- План за заштита и спасување од пожари***
***- План за прва медицинска помош***
***2.3.2.Посебни документи***
***-Преглед на силите за заштита и спасување (припадници и МТС)***
***-Дневник за активностите во заштитата и спасувањето***

*-Работни карти за следење на состојбата*

______________________

______________________

**ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА**

**Изработува:** ______________

**Ажурирано:** ______________

**Одобрува:** ______________

______________________

______________________

# I. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПО МЕРКАТА-ЕВАКУАЦИЈА

**Содржина**

**1. Потсеник за употреба за план за евакуација**
**2. Превентивни мерки и**
**3. Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)**
**4. Преглед на број на лица предвидени за евакуација**
**5. Преглед на собирни места**
**6. Преглед на материјали добра кои и се евакуираат**
**7. Преглед на МТС опременост**
**8. Скица-Шема за евакуација со постапка за евакуација**

## 1. Потсетник за употреба на планот за евакуација

Планот за евакуација се изработува врз основа на закон за од Законот за безбедност и здравје при работа ( Сл.весник на РМ бр. 92/07), Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04,49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и точка 1.3.1.1 и дел план 1. Евакуација од Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на Заштитата и спасување (Сл. Весник на РМ бр.76/06).

Планот по мерката за евакуација опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерката евакуација.

Евакуација во општина Пласница се превзема во случај на техничко-технолошки катастрофи во процесот на вршење на дејноста или природни и др. непогоди, а со цел да се обезбеди планско, организирано и контролирано преместување на вработените и МТС од потенцијално загрозени или веќе зафатени области-подрачја во помалку загрозени или потполно безбедни објекти-подрачја.

Планот се работи и на карта со потребни шеми и прегледи.

Евакуација може да се изврши пред настанување на опасноста (навремена) или по појава на опасноста

Планот го изработува Одделение за урбанизам, задолжен за чување и спроведување на планот е Шефит Алијоски а во отсуство пристап до планот имаат: Градоначалниот. Податоци од променлив карактер кои се внесуваат во прегледите и табелите (имиња, количини, средства и друго) може да се внесуваат и со молив.

Планот се ажурира постојано, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто, односно веднаш.

## 2. ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

Во функција на превенција се превземаат следниве мерки:

- **Изработка и ажурирање на плански документи:**
  **Извршител: Шефит Алијоски**

- **Запознавање со планот за евакуација, одговорноста и ставање на располагање на потребна опрема на Лицето одредено за евакуција**

- **Утврдување средства, сигнал и постапка за тревожење**

Сигналот за евакуација се дава со ѕвонење долго испрекинато и усно со сигнал **ТРЕВОГА-ЕВАКУАЦИЈА**

**Извршител: Шефит Алијоски**
или вработен кој прв го воочи

- **Утврдување на патишта за евакуација:**

Од канцеларија на Градоначалник, канцеларии 6,7,8,9 и 10 како и салата за состаноци па преку скалите надолу низ ходник до влезот и до собирно место,
Од канцеларија бр: 4, 5,6,7,8 9 и 10 евакуација преку ходник и до собирно место.

**Напомена:** Патиштата и правците за евакуација со зелени стрелки се прикажуваат и на шемата која е во прилог на планот.

Доколку се затекне некој во празните простории ке ги користи наведените правци за тој кат.

- **Запознавање на вработените со постапката за евакуација, патишта и правци за евакуација.**
- **Се поставуваат табли - Известувања**

**Извршител**: Шефит Алијоски

- **Изведување на практични вежби на вработените согласно планот за евакуаациja треба да се изведува најмалку еднаш во две години, согласнос Закон за безбедност и здравје при работа**

**Извршител**: Шефит Алијоски

- **Одржување на проодноста на патишта за евакуација**

Патиштата за евакуација се одржуваат секогаш проодни и во нивна близина се забранува складирање на лесно запаливи материјали.

**Извршител**: Шефит Алијоски
**Извршител**: Рецеп Рамчески

- **Обезбедување и редовно сервисирање, проверка на исправноста на противпанични светилки за означување на патишта за евакуација**

**Извршител**: Рецеп Рамчески

- **Склучување на потребни договори согласно Закон за заштита и спасување и Закон за безбедност и здравје при работа**
- **Обука на одреден број на работници за евакуација и спасување (по еден на 20 вработени) согласно Законот за безбедност и здравје при работа**

**Извршител**:_Кемал Нур__

3. **ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ (Стандардна оперативна процедура)**

Во функција на оперативните мерки се превземаат следниве активности:

а) ***Мерки и активности кои се превземаат во случај на непосредна опасност***

- **Прибирање на податоци за можна опасност**

**Извршител**:Енсер Ибраимоски
**Извршител**: Абдуладија Мустафоски

- **Евакуација на вработени пред настанување на опасноста**

Се изведува доколку постои потенцијална можност за прелевање на опасност од соседен објект или појавена несреќа на ист објект, а текот на настанот е таков да е неопходна евакуација за да се навремено спасат вработените и МТС.

**Извршител**:Рецеп Рамчески

- **Ажурирање на планот за евакуација**
- **Проверка на исправноста на потребните технички средства**

*б) Мерки и активности кои се превземаат за време на опасността*

- **Известување и евакуација**

По дознавање на настаната опасност веднаш се дава сигнал за **опасност-Евакуација.**

Лицето задолжено за спроведување на евакуација ги превзема неопходните мерки за изведување на евакуација на сите вработени, пружање помош, давање упатства и последен го напушта местото.

**Извршител**:Шефит Алијоски

- **Вработените и другите затекнати лица во најголем ред и без паника ги напуштаат загрозените објекти**
- **На местото за прифат се врши проверка на бројот (присатноста) на вработените со цел да се види дали сите се евакуирани (за да не остане некој во загрозените објекти)**

**Извршител**: Муамер Исмаилоски

- **Прифат на евакуирани лица и давање на прва медицинска помош**

**Извршител**:Енсер Ибраимоски

и други вработени кои ке се затекнат на лице место

- **Исклучување на елетричната енергија во објетктот**

**Извршител**:Шефит Алијоски
а во негова одсутност _одговорен на смена_

- **Лица задолжени за евакуација на МТС вршат евакуација на МТС на безбедби места, а по завршување на евакуација на вработените.**

**Извршител**:_Од вработените__________

- **Физичко обезбедување на објектот**

**Извршител:**_Рецеп Рамчески

- **Барање на помош-известување до итни служби**

**Полиција на тел. 192**
**Територијална противпожарана единица на тел. 193**
**Брза помош на тел. 194**
**Известување за инциндентот, настанот или несреќата до РЦУК на тел 112**

**Извршител:**_Од вработените____

*в) Мерки и активности кои се превземаат по завршување на евакуацијата*

- **Воспоставување на нормалниот работен процес**
- **Анализа на спроведувањето на евакуацијата**

Извршител:од вработените
Рок: 4 часа од завршување на евакуацијата

1. **Доставување извештај од анализата до подрачно одделение за заштита и спасување – Македонски Брод**

Извршител: Раководен орган
Рок: 2 дена од завршување на евакуацијата

4. **Преглед на број на лица предвидени за евакуација**

| ед бр. | Категорија на лица | Број на лица по објекти | Вкупно | Место на собирање | Забел[е]ка |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| . | Градоначалник вработени | Административна зграда | 2 2 | 22 | Собирно место бр. 1 | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

5. **Преглед на собирни места**

| Б. | Место |
|---|---|
| . | Пред влез на зградата на општината |

6. **Преглед на материјални добра кои се евакуираат**

| ед бр. | Материјални добра кои се евакуираат | Ко ли-чина | Кој ги евакуира | Каде се евакуираат | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| . | Документи | сите | Лица за евакуација на МТС | Собирно место бр. 1 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| . | Компјутери | 21 | Лица за евакуација на МТС | Собирно место бр. 1 | |
| . | Друга техника | 3 | Лица за евакуација на МТС | Собирно место бр. 1 | |

7. **Преглед на МТС опременост**

| Назив на средство | Исправност | Забелешка |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**8. Шема**

______________________

____________________

**ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ**

**Изработува: ________________**
**Ажурирано: __________________**
**Одобрува: ________________**

____________________
____________________

**ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ**

**С О Д Р Ж И Н А**

**1. Потсетник за употребата на Планот за заштита и спасување од пожари**
**2. Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари**
**3. Оперативни мерки за заштита и спасување од пожари**
**( Стандардна оперативна процедура )**
**4. Преглед на потенцијалните зони на пожар**
**5. Преглед на единици и други сили и поединци за заштита од пожар**
**6. Преглед на формациски и приручни средства за гаснење на пожар**
**7. План (шема) за ЗС од пожари со постапка на поединци во случај на пожар**

**1.Потсетник за употреба на Планот за ЗС од пожари**

Планот за ЗС од пожари при општина Пласница е наменет за ефикасно превентивно и оперативно дејствување во заштита и спасување од пожари. Планот е изработен врз реални факти и показатели. Податоците во Планот треба да се ажурираат континуирано, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто односно веднаш .

Планот се изработува врз основа на Член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) Законот за заштита и спасување ("Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 ) а согласно истиот и Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл. весник на РМ бр. 76/06) како и Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07).

Планот се чува во просторија и на место достапно до лицата овластени за негова употреба, така да во случај на потреба може веднаш да се пристапи кон негово активирање и спроведување, односно во просторијата на изработувачот, кој е одговорно лице за негово чување, а во негово отсуство другите вработени.

Во нормални околности со Планот ракува лицето задолжено за заштита и спасување односно безбедност и здравје при работа.

Податоците од променлив карактер (имиња, количини, средства и друго) кои се внесуваат во прегледите и табелите може да се внесуваат и со молив.

**2. Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари**

**2.1** Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа.

Се преземаат следниве активности:

**а.** Ажуририрање и дополнување на планските документи.

**б.** Набавка, контрола, одржување и сервисирање на МТС и опрема за гасење и заштита од пожари

**в.** Придржување кон законските одредби кои ја регулираат областа за заштита и спасување од пожари пред се:

- Законот за заштита и спасување од пожари дел за ППЗ
- Подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон а се однесуваат на ПП апаратите, хидрантите и другата ПП опрема и средства за гасење на пожари, односно уредите и инсталациите за заштита од пожари,
- Закон за безбедност и здравје при работа

**г.** Соодветна обука на вработените за заштита од пожари (по 1 на 20 лица)

**д.** Истакнување на видливи места на знаци и натписи за:

- предупредување за можни опасности
- постапка во случај на опасност

**ѓ.** Редовна контрола на поставеноста и исправноста на ПП апаратите од страна на задолжен вработен

**е.** Редовно сервисирање и проверка на исправноста на ПП апаратите од страна на овластено правно лице

**ж.**Редовно одржување, сервисирање и испитување на уредите и инсталациите за откривање и гасење на пожари – кај овластено правно лице.

**з.** Проверка на исправност, комплетност и притисок кај хидранти.

**ѕ.** Редовна дератизација на просториите каде глодари можат да дојдат во допир со кабли со струја.

Наведените и други потребни активности се вршат согласно План-распоред за одржување, контрола, испитување и сервисирање на опрема и инсталации.

Извршител: Лице задолжено за безбедност и здравје при работата, односно или за заштита и спасување кое треба да биде обучено-оспособено од областа на противпожарната заштита во овластена институција.

**2.2. Уредување на површините и објектите во функција на заштита и спасување**

При изработка на проекти и при изградба и реконструкција на објекти мерките за ЗП се применети врз основа на нормативите и стандардите за системот за заштита и спасување и стандардите и нормативите за уредување на просторот

а) Обезбедување противпожарни пречки

б) Вградување на потребна громобранска инсталација

в) Вградување на потребна инсталација за заземјување

г) Запознавање на нормативи при вградување на резервоари и инсталации со запаливи течности и гасови

д) Запознавање на нормативи при вградување на електрична инсталација

ѓ) Вградување на уреди и инсталации за откривање и гасење пожари

**2.3 Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување од пожари**

а) Одредување едно или повеќе стручни лица за безбедност, согласно Законот за безбедност и здравје при работа

б) Одредување доволен број оспособени лица од редот на вработените кои ќе можат ефикасно да реагират во случај на појава на пожар .

в) Одредување начин на тревожење и известување на вработените.

г) Поставување табли–натписи со известување за начинот за тревожење и предвидената постапка за во случај на пожар се поставуваат на следниве места:

- заедно со таблите за евакуација

Извршител:Одговорен за безбедност и здравје при работа

**3. Оперативни мерки за заштита од пожари**

(Стандардна оперативна процедура)

**3.1. Активности и мерки во случај на непосредна опасност**

а) Прибирање податоци за можната опасност и засилено набљудување на објектите и површините

б) Ажурирање и доградување на планските документи

в) По потреба обезбедување дополнителни материјални ресури

г) Проверка на исправноста на алармите за тревожење

д)Проверка на исправноста на опремата, средствата и инсталациите за заштита од пожари.

**3.2. Активности и мерки за време на траење на опасноста-пожарот**

а) Навремено тревожење на вработените – долго испрекинато звонење

б) Вработените кои ќе се затечат на местото на пожарот веднаш пристапуваат кон гасење на пожарот со ПП апарати, хидранти и други формациски и прирачни средства (песок, земја, кебиња...)

в) Прекинување на доводот на струја ( главна склопка, трафостаница )

Извршител: од редот на вработените

г) Повикување на територијалната противпожарна единица ( тел. 193 )

д) Евакуација на вработените и другите присутни, корисници на услуги и други) до безбедно место.

- Се врши согласно Планот за свакуација

ѓ) Разместување и евакуирање на материјални добра кои можат да бидат загрозени со ширење на пожарот, согласно План за евакуација .

е) Укажување прва медицинска помош на повредени, изгорени и затруени со чад и преземање натамошна постапка за нивно згрижување во здравствени установи

Извршители : вработени
Сите вработени кои можат да помогнат во пренесување на повредените

Возила: Противпожарна единица-___**<u>ТППЕ Македонски Брод</u>**

ж) Обезбедување дотур на вода

Дотур на вода за гассење ќе се врши преку хидранти и водоводна инсталација

Извршители: вработени

Возила: Противпожарна единица-____**ТППЕ Македонски Брод______**

з) Отстранување на леснозапаливи предмети и материјали

ѕ) Доставување известување до Центар за управување со кризи за настанот, последиците и преземените мерки /тел.112/

**3.3. Мерки за отстранување на последиците**

а) Санација на објектите и површините зафатени од пожар

б) Анализа на спроведувањето на евакуацијата

Извршители: Раководен персонал
Рок :4 часа по завршување на активноста

в) Доставување извештај за спроведување на евакуацијата до Подрачно одделение за заштита и спасување.

Извршители: Раководен персонал
Рок: 2 дена по завршување на активноста

г) Процена на штетите и последиците од пожарот и доставување на извештај за утврдената штета до комисијата што ја формира Владата на РМ

Извршител: Комисија формирана од
Управен одбор

Почеток на активноста: Веднаш
Рок за завршување: 60 дена

д) Доставување на извештај за утврдената штета од Комисија што ја формира Владата на РСМ.
Извршител:Комисија, Директор
Рок: 30 дена

**4. Преглед на потенцијалните објекти, постројки и апарати за предизвикување на пожар**

| б. | Локација | Вид на запалив материјал , постројки или предмети кои можат да предизвикаат пожар | Забелешка |
|---|---|---|---|
| . | Сите простории | Неисправна електрична инсталција | |
| . | Сите простории | Грејни тела | |
| . | Кујна | Електрична печка | |
| . | Сите простории | Временски непогоди – Гром | |
| . | Сите простории | Човечко невнимание | |
| . | | | |
| . | | | |

**5. Преглед на единици и други сили и поединци за заштита од пожар**

| Назив | Број на | Степен на | Забелешка |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| (единица, поединец) | припадници | обученост | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

6. **Преглед на формациски и прирачни средства за заштита и спасување од пожари**

| Објект | Назив на сретство | Количина – Број | Каде е сместено средството |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

____________________

_________________________-

**ПЛАН ЗА ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ**

**Изработува: ____________**
**Ажурирано: ____________**
**Одобрува: ____________**

________________

_____________

**ПЛАН ЗА ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ**

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Потсетник за употреба на Планот за прва медицинска помош
2. Превентивни мерки
3. Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)
4. Преглед на собирните места за прифаќање на повредените начинот и правците на нивна евакуација
5. Расположиви количини на лекови и друг санитетски материјал
6. Преглед на единици и поединци обучени за давање на прва помош

## 1. Потсетник за употреба на Планот за прва медицинска помош

Планот за прва медицинска помош е изработен согласно Член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) и Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07).

Планот за прва медицинска помош при општина Пласница е наменет за ефикасно превентивно и оперативно дејствување за пружање прва медицинска помош. Планот е изработен врз реални факти и показатели. Податоците во Планот треба да се ажурираат континуирано, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто односно веднаш. Планот се чува во просторија и на место достапно до лицата овластени за

негова употреба, така да во случај на потреба може веднаш да се пристапи кон негово активирање и спроведување. Во нормални околности со Планот ракува лицето задолжено за заштита и спасување, односно безбедност и здравје при работа. Планот за прва медицинска помош се чува во просторијата на изработувачот, а во негово отсуство сите вработени.

Податоците од променлив карактер (имиња, броеви, количини и друго) во табелите и прегледите може да се внесуваат и со молив.

**2. Превентивни мерки**

Се преземаат навремено и континуирано заради ефикасно спроведување во случај на активирање на оперативните мерки.

а) Оспособување на вработените за давање прва помош, одржување вежби

Извршител: Санела Митоска

б) Обезбедување неопходни количини на санитетски средства, лекови и помагала и нивно одржување во исправна состојба, односно рок на траење

Извршител: Сенифер Синаноска

в) Обезбедување обука на потребен број вработени за давање прва медицинска помош, согласно Законот за безбедност и здравје при работа(по еден на 20 вработени)

Извршител: Санела Митоска

г) Определување собирни места за повредени.

- Двор

д) Склучување на потребни договори утврдени со Законот за заштита и спасување.

3. Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)

а) Сите повредени веднаш се пренесуваат до собирните места. Доколку е можна прва помош им се пружа на самото место на повредување. Повредените се пренесуваат по патиштата предвидени за евакуација.

Извршители: сите присутни вработени

б ) Пружање прва помош на собирното место.

Извршители: сите присутни, пред се оние
кои се обучени за ПМП

в) Во акцијата за пренесување на повредените се користат и прирачни средства (врати, возила и на раце). Се овозможува пристап до лековите, санитетскиот материјал и другите формациски и прирачни средства.

Клучевите од моторните возила се наоѓаат кај возачи.

г) Повикување итна помош ( телефон ) 112.

д) Превезување на повредените до медицински установи (брза помош и ургентен центар, односно, хирургија)

Извршители : Возачи и други вработени
Со возила на Брза помош на Здравствен дом Македонски Брод

ѓ) По завршување на активностите, врз основа на водената евиденција за истата раководниот персонал во рок од четири часа го анализира давањето на првата медицинска помош .

е)Доставување известување до ЦУК за настанот, за настанот, последиците и за преземените мерки на телефон 112

ж)Доставување извештај за спроведување на првата медицинска помош до Подрачно одделение за заштита и спасување.

Извршители: Раководен персонал
Рок: 2 дена по завшрување на активностите

**4. Преглед на собирни места за прифаќање на повредените**

| Собирно место | Резервно собирно место (во случај на оштетување на собирното место) | Објекти од кои се прифаќаат повредените | Правец на евакуација | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Канцеларија | Двор | Сите објекти | | |
| Трпезарија | Двор | Сите објекти | | |

**5. Расположиви количини на лекови и друг медицински материјал**

| Вид на лек / медицински материјал | Количина | Локација | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **Завој** | **10 парчиња** | **Кутија за прва помош - во канцеларија на ________________** | |
| **Јод** | **1 шише** | **- II -** | |
| **Медицински ракавици** | **50 пара** | **- II -** | |

6. **Преглед на единици и поединци обучени за прва помош**

| Назив/име | Број на припадници | Обученост | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **Сенифер Синаноска** | **поединец** | **Средно медицинско** | |
| **Санела Амитоска** | **поединец** | **Средно медицинско** | |
| | **поединец** | **основна** | |
| | **поединец** | **основна** | |

Закон за управување со кризи

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21)

Закон за заштита и спасување

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21)

**Број 08-518/18**
**15.11.2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

_____________________________

=====================================================